# Мали чекори – големи промени

**Градење учество на луѓето кои живеат во сиромаштија**









EAPN

EUROPEAN ANTI POVERTY NETWORK

# Содржина

**Мали чекори – Големи промени**
Учество во секојдневната реалност во начите организации
2
**EAPN Австрија /Armutskonferenz (*Конференција за гладот)***
Форум театарот наречен „Затворете го јазот!” како иновативен метод за активирање, истражување и лобирање за и со луѓето кои живеат во сиромаштија
3
**EAPN Белгија**
Стручњаци по/за искуство/Искуствени стручњаци, нова професија за луѓето кои живеат во сиромаштија во политиката за борба против сиромаштијата

**EAPN Белгија**
Групи за дијалог – Метод за градење консензус

**EAPN Франција**
Франција: Работа на меѓународно ниво за политиките за социјална инклузија
6
**EAPN Унгарија**
„Забележете ја, именувајте ја и решете ја... но, заедно со нас“ функционирање на Координативниот одбор на Унгарската мрежа за борба против сиромаштијата
7
**EAPN Холандија**
Локални конференции за сиромаштија, пишување рецепт/прирачник против сиромаштија и социјална ексклузија
8
**EAPN Норвешка Алијанса за социјална работа/ Welfare Alliance**
Сиромаштијата да стане видлива! Приказна за мобилизацијата. Состанок за сиромаштија, Осло, 24. август 2007 год.

**EAPN Португалија/REAPN**
Активирање на учеството - Rooting Policies, вкоренување на политиките на локално ниво

**EAPN Шпанија**
Создавање медотолошки водич од регионалните искуства

**EAPN Обединето Кралство**
Надминување на јазот во полисите – Преглед на учецниците и лекции за водство
12
**Европска мрежа за борба против сиромаштијата**
Состаноци на европско ниво на луѓето кои живеат во сиромаштија

– Катализатор за учество

**Заклучоци**

Учеството е можно!

# Мали чекори – големи промени

Секојдневното учество во нашите организации треба да стане реалност

Скоро 20 години Националните мрежи на Европската мрежа за борба против сиромаштијата (ЕАПН) работат на остварување на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија во јавниот домен, како и во самите нивни организации. Иако сите од нив се во разни фази од процесот, комбинираното знаење што го имаат им е разноврсно, тоа ги збогатува и ги охрабрува луѓето кои живеат во сиромаштија и ја поддржува нивната ангажираност во работите кои влијаат на нивните животи.

Учеството е темелно истражувана тема и секој си наоѓа значење според својот контекст. Наместо да се изнадје точен одговор, на ЕАПН им е поважно да се поставaт вистинските прашања во врска со темата учество и да се создаде простор за луѓето кои живеат во сиромаштија да разговараат за овие прашања врз основа на својата реалност. Без разлика на нивото на ангажираност и дали станува збор за директно или индиректно учество и дали постои дефинирана методологија или еднократни искуства, луѓето кои живеат во сиромаштија секогаш се враќаат на истото прашање – кое е влијанието на нивното искуство? Земајќи го ова предвид, и понатаму останува предизвикот за поттикнување, промовирање и понатамошно развивање на учеството како средство за поттикнување на луѓето кои живеат во сиромаштија.

Значајното учество претставува знак за добра пратиципативна демократија во која граѓаните и граѓанските општества можат да се вклучат во политички дијалог и да ја надополнат работата на лицата избрани преку репрезентативна демократија. И покрај одбрани праксите по случаен избор, релноста говори дека многу луѓе кои се или во ризик или живеат во сиромаштија често се оневозможени да го остварат своето право на учество како активни граѓани. И понатаму многу се очекува во поглед на спроведувањето во сите земји-членки на Европската Унија и граѓанските здруженија и властите имаат уште многу работа при поставување на вистинските услови за здраво партнерство. Пред да го испита ставот на властите во однос на учеството на групите во ексклузија, како актери во граѓански здруженија  имаме одговорност да ги разгледаме сопствените пракси и да видиме како внатрешно ќе го mainstream/распространиме учеството.

Искуството кое го добија членките на ЕАПН преку локални, национални и меѓународрни иницијативи ги истакнуваат успесите и предизвиците кои стојат пред нас во поглед на поттикнување на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија. Ова претставува прв обид за претставување на различноста во праксите на учество во ЕАПН, сконцентрирајќи се на заедничките точки помеѓу европските и националните активности и помош на членките на ЕАПН како и на социјалните НВО ширум Европа непречено да го негуваат учеството на исклучените поединци и заедници во нивната работа.

## Градење учество

***Почетоци на ангажираноста***

Партиципативната демократија на сите им дава можност за учество во општествените социјални дебати. За луѓето кои живеат во сиромаштија, нивното учество во демократскиот живот претставува клуч за разбирање и промена на општеството со цел секому да му биде овозможен пристап до достоинствен живот.

Иднивидуалното учество започнува во соседството, community groups/ групите во заедницата и иницијативите на локално ниво. Луѓето кои живеат во сиромаштија сакаат да бидат охрабрени и да се слушне нивниот глас како во јавните дискусии, така и при донесувањето политики и одлуки кои се однесуваат на нивниот живот.

Според организациите за борба против сиромаштијата, времето и заемното разбирање претставуваат два клучни фактори за обезбедување на значајно учество на луѓето кои живеат во сиромаштија. Потребно е време за некои од луѓето во сиромаштија да се почувствуваат подготвени да ја споделат својата реалност и да се заангажираат во дијалог, потоа потребно е разбирање на обете страни за учеството да вроди со плод.

За една личност соочена со сиромаштија учеството започнува со градење самопочит и доверба, охрабрување да ги изрази своите мислења како еднаква

личност на другите и да учествува во донесувањето одлуки и нивно спроведување. Поволната средина за тоа треба им дозволи на лицата и нивните организации активно учество, а не само да ги смета како предмети за дискусија. Учеството од страна на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, кои се спремни да ја споделат својата секојдневна реалност може да ги урне бариерите на стигма, да се испита употребата и влијанието на политиките  или услугите за кои станува збор и да ги поттикне луѓето да се справат со недоследностите во социјалните системи. Често, луѓето во организациите, социјалните услуги или властите почнуваат да ги стигматизираат предрасудите за лицата кои живеат сиромаштија. Затоа и двете страни, треба да достигнат извесна точка на заемен интерес и разбирање за учеството.

Бројни се придобивките од индивидуалното учество. Ги охрабрува луѓето, ја гради основата на едно покохезивно општество и го зголемува влијанието на политиките – крајно упридонесувајќи за едно социјално поправедно и фер општество.

***Ангажирање во НВО за борба против сиромаштијата***

Ангажирањето во организации кои се борат против сиромаштијата и учествуваат во процесите на донесување одлуки се од суштествено значење за постигнување добри резултати од политиките.

ЕАПН силно е посветена на воспоставување и зголемување на директното учество на луѓето соочени со сиромаштијата во организациите кои ги претставуваат нивните интереси. Токму овие организации ѝ помагаат на ЕАПН да остане директно поврзана со секојдневните проблеми на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија и ја потенцираат важноста на заедничо учење и работа.

На општествен план постојат организации кои работат на подобрувањето на животите на луѓето кои живеат во сиромаштија, организации  кои нудат услуги за луѓе во сиромаштија како и неформални групи за самозастапување или организации кои ги претставуваат интересите на луѓето во сиромаштија. Без разлика на типот, треба да се воспостават структури да се слушне мислењето на

лицата во сиромаштија за работата која ја вршат сите овие организации. Во реалноста често не се доволно финансирани или немаат поддршка во почетните фази од формирањето и развојот, а за резултатите кои не можат да ги постигнат за да вклучат што е можно повеќе луѓе заинтересирани за учество. И покрај овие пречки во целите сè повеќе организации посветуваат внимание на своите принципи за учество и инклузија како дел од нивната работа.

### *Рамка за учество при донесувањето одлуки*

Проектот Општоприфатена социјална инклузија/The Mainstream Social Inclusion кој се реализира од страна на Агенцијата за борба против сиромаштијата од Ирска, во која имаат учествувано и членките на ЕАПН ја поставува рамката на учество во процесите за донесување одлуки. Рамката идентификува четири фази на ангажираност: информираност, консултации, учество и заедничко донесување одлуки, како и влијанието на секоја од овие фази. Истите се опишани подолу[1]:

Слика:

***неинформираност – информираност – консултации – учество – заедничко донесување одлуки***

*__Информираноста__ и споделувањето знаење го претставуваат столбот на ангажираноста, бидејќи, без целосна и комплетна достапност до информации во политичката иницијатива, ниту консултациите ниту учеството немаат никакво значење.

***Консултациите** им овозможуваат на оние лица или групи заинтересирани и вклучени во изразувањето свои ставови на даден предлог да влијаат на крајната одлука, но да не бидат вклучени во донесувањето на истата, која останува да биде прерогатив за креаторите на политики што можеби или ги земаат предвид погледите изнесени во процесот консултирање при донесувањето одлуки или пак не при донесувањето одлуки. Консултирањето нема ефект доколку консултираните лица ги немаат релевантните информации за предложената политика.

[1] Распространување на социјалната инклузија www.eoropemsi.org

***Учеството** подразбира еднаков придонес на сите учесници во донесувањето одлуки и на лицата и групите им овозможува да влијаат на процесот и инкорпорирање на нивните ставови во крајните резултати.

***Заедничкото донесување одлуки** оди чекор понатаму со што се постигнува консензус при донесувањето одлуки, дека заеднички се донесени политиките и дека ги одразуваат грижите и приоритетите на засегнати страни од одлуките, што доведува сите учесници да постигнат краен заеднички резултат.

Оваа рамка ги истакнува предизвиците со кои се соочуваат организациите за борба против сиромаштијата во нивната работа со креаторите на политики. Додека во реалноста многу земји се само во почетната фаза од овој модел, донесувачите на политики постепено го менуваат својот пристап луѓето кои живеат во сиромаштија и организациите кои ги претставуваат да учествуваат во креирањето политики и донесувањето одлуки.

***Учество во контекст на Социјалната политика на ЕУ***

Од промовирањето на Лисабонската стратегија 2000, ЕАПН игра огромна улога во промовирањето на конкретниот фокус за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија во процесот водство на *Социјалниот отворен метод на координација* (ОМС) на национално и ниво na ЕУ. Исто како и директна поддршка на организацијата на годишните состаноци на луѓето кои живеат во сиромаштија, организиран од страна на пролетното претседавање на ЕУ, ЕАПН лобираше да се зајакне учеството во процесите на водство низ процесот на *Социјалниот отворен метод на координација*, особено при развојот на Националните акциони планови за инклузија[2] и Годишната тркалезна маса за сиромаштија. Ова барање сега е изразено во Забелешката за водство на Европската Комисија/ European Commission's Guidance Note за Националните стратешки извештаи, *„... извештајот треба да резимира како се обезбедува квалитет на ваквото ангажирање. Ова подразбира испитување до кој степен се остварува вистинското учество, пр. преку размена на мислења, а не само обична расправа*

[2] Одговор на ЕАПН за упатствата при стратешкиот извештај 2008-2011, www.eapn.eu/content/view/168/lang,en

*за претставување информации, дали ставовите и искуствата на засегнатите страни во поглед на потребите и дали идентификуваните и предложените решенија се одразуваат во развојот на политиките и нивното спроведување.“*[3] ЕАПН продолжи со притисок за поголема и подобра ангажираност во планирањето, реализација и проценка на политиките и мерките за борба против сиромаштијата и потребата да се оди понатаму преку формирање на постојан структурен дијалог помеѓу владите на национално и локално ниво и засегнатите страни кои се состојат од луѓе што живеат во сиромаштија, во целиот циклус на стратешки развој и реализација.[4]

## ЕАПН со акумулира знаењето на европско ниво

Учеството претставува значаен столб од иницијативи во полето на социјалната инклузија, Структурните фондови, Вработувањето или развојот на мрежи. Затоа баравме да откриеме како е застапено/ mainstreamed учеството во нашата работа. Многу работа е направена да се испита како ќе се реализира инклузијата на луѓето кои живеат во сиромаштија, не само во проектите, но и во нашите структури и работа. Во текот на изминатите 20 години, ЕАПН го разгледува учеството преку:

- Дефинирање и разбирање на поимот учество за ЕАПН и нејзините членки;
- Идентификување услови за вклучување на луѓето кои живеат во сиромаштија во демократска дебата;
- Собирање и размена на добри пракси и методи.

Како застапник за директно учество на луѓето кои живеат во сиромаштија, ЕАПН дефинира методологија за национална координација и подготовка за коментарите/мислењата/искуствата/ input во Европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија, организирани секоја прва половина од годината од страна на земјата која претседава со ЕУ заедно со Европската Комисија и поддржана од ЕАПН. Методологијата се сконцентрира на подготвување на луѓето кои живеат во сиромаштија активно да се ангажираат во дебати во различни аспекти на

[3] Забелешка за упатствата за изготвување на националната стратегија Извештаи за социјална заштита и социјална инклузија 2008-2010,
http://ec.europa.eu/employment_social/spsi/docs/social_inclusion/2008/080207 _guidance_ note_nsrs_cln_en.pdf

[4] Извештај на ЕАПН за националните акциони планови 2008-10

политики кои влијаат на нивнит живот, како и да се провери колкаво е влијанието на политиките на ЕУ, особено на *Социјалниот отворен метод на координација* врз социјалната инклузија и социјалната заштита на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија.

Овие богати искуства организирањето на годишно ниво на Европски средби на луѓето кои живеат во сиромаштија ги убеди владите за дополнителната вредност од развивање слични процеси и форуми за учество во многу земји, каде инволвирањето на луѓето кои живеат во сиромаштија е дел од главниот фокус на националните организации за борба против сиромаштијата. Денес, неколку земји се организатори на национални средби на луѓето што живеат во сиромаштија – иницијативи кои започнале како проекти, а сега се целосно развиени процеси. Прекуграничните средби на луѓето кои живеат во сиромаштија им помагаат на Националните мрежи да ги споредат нивните модели и да научат од искуството. Списокот на успеси е долг како што се зголемува учеството во секој проект, лобирањето или донесувањето политики низ земјите-челнки на ЕУ.

При подготовката на 2010 – Годината за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија, ЕАПН спроведе детаљно размислување за вредностите и принципите што сакаме да ги видиме во една социјално праведна Европа за сите. Вообичаените вредности кои беа идентификувани, изразуваат, меѓу другото и вредносни на демократско општество, со почитување на човековите права, без сиромаштија и зголемено учество. ЕАПН има за цел да ги оствари овие идеи и да го мобилизира и опшстеството, прикажувајќи го богатото влијание на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија.

Но, иако е многу едноставно, учеството е сепак многу комплицирано. Не секогаш доаѓа до успех при првиот обид, доколку не се почитуваат одредени услови, потребни се флексибилност, упорност, ресурси и многу работа. Како дополнување за добра инфраструктура која би го олеснила учеството, мора исто така да го разгледаме психолошкото и социолошкото влијание на вклученоста на лицата за кои станува збор. Некои членки на ЕАПН само го сметаат учеството како проектна работа, додека пак други ги подобруваат методологиите кои веќе се применуваат со цел да допрат до повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија. Без разлика на почетната точка, секоја иницијатива си носи искуство и влијае врз инволвираните лица, а целта е развивање на практики за учество во работењето на националните мрежи. Следниве студии на случаи ќе ни опишат некои од овие

искуства за кои се надеваме дека ќе доведат до повеќе иницијативи за вклучување на луѓето кои живеат во сиромаштија во работата на ЕАПН и нејзините членки.

## Национални мрежи на ЕАПН - нивно искуство

Луѓето кои живеат во сиромаштија се дел од работните групи и управни тела на националните мрежи за борба против сиромаштијата. Тие се активно вклучени во лобирањето и дијалогот со властите, обезбедуваат обука и повратна информација за социјалните услуги, водат кампањи за зголемување на јавната свест и значајно го подобруваат својот живот, како и животите на нивните семејства и заедниците.

Некои меѓународни проекти помогнале националните мрежи да развијат методологии, кои не останале само во рамките на мрежите и нивните членки, туку биле преземени од организации активни на социјален план, па дури и од страна на властите. Преку развивање на тесна соработка со властите на повеќе нивоа, националните мрежи во некои земји-членки остварија формирање на постојани структури кои на луѓето кои живеат во сиромаштија им нудат можност активно да се ангажираат во креирањето политики и нивно спроведува во заедниците.

## Кој е фокусот во ова издание

Ова издание ќе ја потенцира шареноликоста на пристапите помеѓу членките на ЕАПН во поглед на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија во community work/ работата во заедницата, во нашите нови организации и во креирањето политики и донесувањето одлуки. 20 годишното искуство на членките на ЕАПН нашироко се споделуваше и се зголемуваше низ проекти, структури и размена. Ова издание се труди да станат повидливи овие искуства на градење учество.

При опишување на студиите на случаи, секоја од националните мржи се обиде да даде одговор на следниве прашања:

Која е нашата дефиниција за разбирање на поимот учество? Во кој контекст се појави искуството? Какви успеси се подтигнаа? Кои се предизвиците и какво влијание имаа врз националната мрежа?

Стручњакот за искуства од Белгија/ Belgium Experience Expert опишува како луѓето директно засегнати од сиромаштијата почнуваат со обука и водство за да станат стручњаци за сиромаштија, па ги вработуваат во организации и јавни услуги за да ги мобилизираат и поддржат луѓето кои живеат во сиромаштија во односите со провајдерите на социјални услуги и општо земено креирањето политики.

Австрискиот Форум театар воведува партиципативен модел за креирање политики кој започнува од индивидуални искуства претставени во форма на драма и ги повикува членовите на заедницата и донесувачите на одлуки да учествуваат во драмата, учествувајќи како еден од актерите и предлагајќи поинаков тек на настаните кој би довел до друго решение. По завршувањето на драмата, тие ја покануваат публиката заедно да дискутираат за проблемите и решенијата идентификувани за време на драмата, како и нивно поставување во реалноста во нивната заедница.

Активирање на учеството во Португалија собира искуства од поттикнатите локални групи преку изградба на капацитет. Сите овие учествувале во воспоставувањето активности на учество кои вклучуваат борба против сиромаштијата и тоа на организациско ниво и во заедниците ширум Португалија. Изданието *„Мали надежи-огромни искуства“* зборува за ова искуство и покажува како се развивала методологијата во текот на програмата.

Локалните конференции за сиромаштија во Холандија изобилуваат со инклузивни конференции, кога корисниците на социјални услуги организираат некој настан на кој присуствуваат на исто место јавната администрација, приватниот сектор, работодавачите, провајдерите на услуги, луѓето кои живеат во сиромаштија и други релевантни учесници од ист град чија цел е развивање едноставни и практични решенија за проблемите со кои се соочуваат разните групи во ексклузија. Овие конференции создале долгорочни политики во општините низ Холандија.

Координативниот комитет на Унгарија го илустрира моделот на заедничко менаџирање помеѓу професионалните лица од социјалната заштита и лицата кои живеат во сиромаштија во една национална платформа за борба против

сиромаштијата. Студијата на случај ги разгледува потребите на индивидуалците и условите кои мора да ги почитуваат организациите за вистинско охрабрување и ангажираност на луѓето кои живеат во сиромаштија.

Шпанското партиципативното градење на мрежата, ги разгледува предизвиците на градење заедничко разбирање на учеството во рамка во која се разликуваат локалните и регионалните искуства и визии и како таквите разлики го потенцираат богатството на една отворена мрежа. Партиципативното оценување од страна на корисниците на социјална помош претставува еден од многубројните модели развиени на ниво на автономни региони во Шпанија, преземени од мрежата и понатаму промовирани во други делови од земјата. Резултат од првата фаза од овој процес на дефинирање на учеството кој го спроведува ЕАПН Шпанија претставува еден методолошки водич за учество добиен од ваквите искуства.

Групите за дијалог на Белгија претставува метод на градење консензус, каде на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија им се дава време и простор да размислат за предлозите на креаторите на политики и да се погрижат за своите прашања и предлози при разни фази од креирањето политики. Тоа претставува моќен инструмент кој им помага на луѓето што живеат во сиромаштија да ги остварат своите граѓански права.

Францускиот проект Прекукранична работа воспоставува врска помеѓу европските социјални политики со стварноста на луѓето во сиромаштија на локално ниво, која обезбедува рамноправен дијалог помеѓу давателите на услуги како спроведувачи на политики и луѓето кои живеат во сиромаштија како корисници на услуги. Резултатите претставуваат реалистична оценка на постоечките политики, нивно подобрување и развој на инструменти кои им овозможуваат на луѓето што живеат во сиромаштија да учествуваат во политиките што влијаат на нивниот секојдневен живот.

Надминување на јазот во политиките, проект на Обединетото Кралство, разгледува како можат да се употребат оценка/преглед на учесниците/ peer reviewза учење за да се зголеми водството и да се ангажираат активистите на заедницата при оценувањето на влијанието на политиките и развивањето предлози за намалување на сиромаштијата.

Норвешкиот состанок/расправа за сиромаштијата ја потенцира важноста за групите кои се борат против сиромаштијата и НВО да си го заземат местото на јавен план и да мобилизираат и да ја зголемат свеста со цел зголемување на одговорнота на јавните институции кон луѓето кои живеат во сиромаштија и општеството во целост. Како мрежа составена од првенствено самоорганизирани групи, успехот во мобилизирањето е важен за мотивирање и поддршка на овие групи во нивната битка.

Самата инволвираност на ЕАПН во организирањето на годишните европски средби на луѓето кои живеат во сиромаштија ни го опишува долгиот пат што треба да се изоди за развивање на метод за организирање средби каде луѓето во сиромаштија можат да се изјаснат и да водат дијалог со европските креатори на политики. Сите овие средби ги поттикнуваат националните организации за борба против сиромаштијата и влади за формирање на слични форуми на национално ниво, давајќи им можност на сѐ повеќе луѓе во сиромаштија да го кажат своето мислење во социјалната политика, како и да почувствуваат дека се дел од едно демократко општество.

На крајот, завршното поглавје се базира на успесите и предизвиците на сите студии на случаи претставени овде и истакнува цела една серија принципи и услови неопходни за реализирање на учеството!

Тања Басараб, ЕАПН

## Уште нешто...

Членството на ЕАПН вклучува широк спектар од организации активни како на национално, така и на европско ниво ширум цела Европа. Додека ова издание ги акцентира искуствата на националните мрежи, неколку европски организации членки на ЕАПН исто така имаат развиено темелна работа за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија:

Посетете ја интернет страната на ATD Fourth World, за повеќе информации за искуството од индивидуалното учество www.atd-fourthworld.org

Посетете ја FEANTSA доколку сакате да дознаете повеќе за ангажирање на бездомниците во услугите за бездомници и друг вид на работа во поглед на учеството: www.feantsa.org/code/en/hp.asp

Посетете ја Eurochild за повеќе информации за нивната работа која подразбира вклучување на децата при донесувањето одлуки. www.eurochild.org

Посетете ја AGE за повеќе информации за нивната работа за зголемување на улогата на постарите лица кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија во политиките кои се однесуваат на нив. www.age-platform.org

*Под поимот учество, ЕАПН Австрија подразбира „да се учествува во нешто“, „да се биде дел од нешто“. Но, ние сме секогаш прилично јасни и концизни дека учеството претставува нешто повеќе и се разликува од инклузија, што значи дека не се работи само за вклучување на луѓето кои живеат во сиромаштија во постоечкиот систем, исто така да и давање можност да го тестираат и реобликуваат системот.*

ЕАПН АВСТРИЈА/ ARMUTSKONFERENZ

## Затворете го јазот

**Форум театарот како иновативен активирачки метод, метод за истражување и лобирање за и со луѓето кои живеат во сиромаштија**

**Контекст**

Во 2006 год. на ЕАПН Австрија ѝ пристапи штаерската социо-културна организација ИнтерАкт, која во тој период започна нов проект кој се сконцентрираше на сиромаштијата и начините за надминување на сиромаштијата и на социјалната ексклузија. ИнтерАкт повеќе години работи со методи на интерактивен и партиципативен театар за стимулирање на решенијата во областа на социјалните проблеми и конфликти, а Австриската мрежа со задоволство соработува со нив. Само за краток период мрежата започна со организирање на редовни средби на самоорганизирани луѓе кои живеат во сиромаштија под темата „Да нè видат!" и културните активности беа во центарот на ова делување уште од самиот почеток, како и политичките дискусии и работата со јавноста. Главниот фокус на нашата работа во областа на учеството е истражување на нови начини со кои луѓето кои живеат во сиромаштија ќе бидат видени, потоа нивните реалности и нивните предлози за промена, како и изнаоѓање на иновативни методи за зголемување на нивното влијание во креирањето политики, претставување во медиумите и истражување на сиромаштијата. Овој театарски проект на овој начин не претставува само една прекрасна можност за тоа, но се докажа и дека е многу ефикасен пристап во поглед на премостување на јазот помеѓу сикуствата на луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија и политичките донесувачи на одлуки и поширока јавност. Досега австриската мреѓа организираше три национални средби на самоорганизирањето и иницијативи на луѓето кои живеат во сиромаштија. Средбите вклучуваа размена и дискусија, но и работа со театарски методи и организирање на најпрвите јавни демонстрации на луѓето кои живеат во сиромаштија во Линц и Грац.

**Опис**

Проектот Форум театар наречен „Kein Kies zum Kurven kratzen – Neuer Armut entgegenwirken" (No Dosh to get round/*Да не пропадне ни еден цент* - Спречување на нова сиромаштија) започна со една еднонеделна театарска работилница за луѓето во сиромаштија. 65 лица од штаерскиот регион се пријавија за учество во проектот, триесет од нив кои учествуваа во оваа работилница, петмина од нив беа ангажирани како актери во драмата која требаше да го изгради јадрото на проектот.

Учесниците претставија различни средини и искуства. Повеќето учесници добија работа и им беше платено за нивното учество во работилницата, некои од нив можеа да учествуваат како дел од нивната програма за обука за пазарот на трудот, финансирана од центрите за вработување. Со помош на разни театарски

методи, учесниците разменија свои мислења за реалноста на луѓето кои живеат во сиромаштија на еден алтернативен начин, ги идентификуваа ситуациите на стигматизација и ексклузија и ги разгледаа можностите за создавање промена. Целата група разви една интерактивна драма во Форум театарот која прикажува како „едно обично“ семејство во Австрија сè повеќе и повеќе запаѓа во сиромаштија и ексклузија и бара начини за излез од нив.

Форум театар претставува интерактивен форум за театарски изведби во кои – за време на втората изведба на драмата – се повикува публиката да учествува на сцената, да изнајде идеи за решенија или промени за даден конфликт или проблем прикажан на сцената. Методологијата се заснова на интерактивни театарски методи развиени од страна на Бразилецот Аугусто Боал и комбинира процеси како што се покажување разбирање и зголемување на свеста, со барањето промена во индивидуалниот, социјален, политички реален живот на единката.

Драмата Kein Kies zum Kurven kratzen – Neuer Armut entgegenwirken“ (No Dosh to get round*/да не пропадне ни еден цент* развиена во работилницата, беше изведена во околу дваесетина градови и села во штаерскиот регион, секојпат нудејќи ѝ можност на публиката да интервенира и да испроба нови решенија. По секоја изведба следеа дискусии во мали групи, како и пленарна дискусија помеѓу вклучените луѓе кои живеат во сиромаштија и публиката, создавајќи идеи за промена, кои беа собирани и документирани по секоја изведба во една завршна брошура кон крајот на проектот.

И драмата и решенијата им беа претставени на донесувачите на одлуки во повеќе прилики. Токму тука Форум театарот станува нешто што се нарекува *Законодавен театар* бидејќи целта му е директно да влијае на процесите на креирање политики. Меѓувремено, барем еден од предлозите дадени во рамките на проектот беше разгледан од страна на одговорните регионални политичари и ќе бидат спроведени конкретни промени во регионалниот систем за социјална помош во месеците што следат. Драмата беше изведена и на третата национална средба на самоорганизирањето на луѓето кои живеат во сиромаштија во Грац, а делови од неа беа користени на 7мата Австриска конференција за сиромаштија како средство за стимулирање на размислувањето на социјалните работници, претстваници на НВО и истражувачи за интеракција со луѓето во сиромаштија. Сè на сè, театарските методи  се покажаа како многу ефикасен начин за

охрабрување, интеракција и публицитет и оттогаш се дел од сите активности во проектот „Да нè видат!“.

## Работи кои добро функционираа

Методот се покажа како идеален за активно инволвирање на луѓето кои живеат во сиромаштија и да им се даде можноста да го кренат својот глас и да ги кажат своите стории без самите да се изложат на стигматизирање. Форум театарот е успешно и моќно средство за поттикнување на луѓето засегнати од социјалниот проблем, како што се сиромаштијата и социјалната ексклузија. Тој го поддржува градењето на заедницата и ги мотивира луѓето да ги изразат искуствата и мислењата за дадената тема. Театарските сцени ги прикажуваат дневните и емоционални ефекти на сиромаштијата на еден автентичен и реалистичен начин. Форум театарот го поддржува личното и политичко поттикнување и ги охрабрува луѓето да го кренат својот глас и да преземат одговорност за да ги остварат своите желби и да се борат за своите интереси. Како еден активен партиципативен театарски метод базиран на драма исто така придонесува за истражување на сиромаштијата и социјалната ексклузија и овозможува воспоставување на подобри врски помеѓу конкретната стварност, академските теории и разните нивоа на социјално политичко учество, со цел во сите овие сфери да се чуе гласот на луѓето во сиромаштија. Не само актерите од оваа драма, туку и инволвираните во проектот како учесници во работилницата или публиката, преку ова ангажирање беа поттикнати и охрабрени да дискутираат и да дадат свој предлог кој би довел до промена.

Со заинтересираните може директно да се стапи во контакт, а оние кои никогаш не ја почувствувале сиромаштијата добија можност да научат за конкретната реалност на луѓето што живеат во ваква состојба. Луѓето кои живеат во сиромаштија се здобија со можност да ѝ дадат предизвик на публиката, а особено политичките донесувачи на одлуки присутни на претставите да ги ислушаат не само за нивните проблеми, туку и за развој и имплементирање на решенијата.

Драмата ги акцентираше границите на индивидуалните начини на дејствување, го појасни степенот до кој тие можат да сменат некоја проблематична ситуација и да ја идентификуваат структурната потреба за промена и за инволвирање на луѓето кои живеат во сиромаштија во насока на развивање и спроведување на конкретни стратегии и мерки. Оттука пристапот многу придонесува за затворање на јазот

помеѓу реалноста на луѓето кои живеат во сиромаштија и постоечките (или идни) стратегии и мерки за справување со сиромаштијата и зголемување на социјалната кохезија. Ова се покажа за точно не само за политичарите и претставниците на властите, но и за социјалните лидери на НВО, истражувачите и луѓето од медиумите кои почувствуваа предизвик повеќе да ги заангажираат луѓето кои живеат во сиромаштија во нивната работа. Проектот создаде значајно искуство од кое се учи и за Австриската мрежа и доведе до поголема инклузија на луѓето во сиромаштија во општото работење, а особено за големата двегодишна конференција. На последната конференција, која се оддржа пролетта 2008 год, луѓето кои живеат во сиромаштија имаа поголемо пристуство отколку порано – и во поглед на број на присутни и во квалитетно ангажирање.

За луѓето кои живеат во сиромаштија што беа вклучени во проектот како актери, се покажа дека има силен ефект. Најпрвин, им овозможи добивање работа за одреден период, што барем на еден од нив му помогна да се мотивира и да продолжи со барање нова работа и да се вработи. Второ, тие почувствуваа дека имаат што да кажат, а она што го говореа можеше да доведе до промени.

Оние кои само учествуваа во работилницата на почетокот и учесниците на средбата „*Да нè видат/забележат*!“ кои учествуваат во театарски работилници и една интерактивна претстава ја почувствуваа истата мотивирачка енергија за подобрување на својот живот. Сите актери и многумина од учесниците на работилницата сè уште контактираат и сега постојат планови за формирање на штаерска мрежа за борба против сиромаштијата со голема вклученост на луѓето кои живеат во сиромаштија.

## Со кои потешкотии се соочија

Досега, пристапот може целосно да се спроведе во рамките на двегодишен проект во еден австриски регион. Постојаната работа и пошироката употреба на методот ќе помогне да се вклучат повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија и да го зголеми ефектот на оваа работа.

Политичката волја и јавното финансирање за остварување на ваков пристап на национално ниво преставуваат клучни фактори, но тешко се остварува, бидејќи методот сè уште не е е добро познат и само неколкумина одговорни политичари можат да замислат дека „играњето театар“ може да доведе до зголемување на ефикасни мерки за справување со сиромаштијата.

Искуствата од проектот во Штаерска исто така покажаа дека тесната соработка помеѓу театарските експерти и мрежите за борба против сиромаштијата и социјалните организации е неопходна со цел резултатите од оваа драма навистина да се пренесат во политичките лобирања и решенијата на луѓето кои живеат во сиромаштија ќе се поддржат и засилат со резултати добиени од студиите и истражувањето на сиромаштијата со цел да се зголеми можноста да се чуе гласот на сиромашните.

За ЕАПН Австрија проектот претставува едно искуство од кое може да се научи и се докажа дека е добар мотивирачки метод за оспособување луѓето кои живеат во сиромаштија во свои раце да ги преземат одговорностите за својот живот и политичките одлуки кои се однесуваат на нив. И понатаму ќе продолжиме со промовирање на овој метод на работа.

Михаела Мосер, Di Armutskonferenz, ЕАПН Австрија

**Уште нешто...**

**Луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија треба да станат видливи**

За да се зголеми ангажираноста на луѓето кои живеат во сиромаштија, ЕАПН Австрија го спроведува проектот „Sichtbar werden“ (Да станеме повидливи) која ги зајакнува самоорганизирањето и мрежата на разни групи луѓе во сиромаштија. Идејата/стратегијата зад неа се заснова на разни социјални теории, како и на искуствата и работењето и работа за равивање на заедницата.

Некои од нив се базираат на модел кој вклучува 4 чекори, кој започнува со „воспиемање на информацијата“, па следи „учество“, потоа „заедничко одлучување“ и завршува со „самостојно раководење “.

Пред сè, оваа партиципативна работа ги содржи овие принципи:

А. Започнување од она веќе го има и да се „негува“ истото: подразбира работење со групи луѓе кои живеат во сиромаштија кои веќе на некој начин почнале да се самоорганизираат. Овие групи може да се многу мали групи за самопомош кои бројат двајца или тројца; но она што е важно е дека дека веќе постои некаков импулс за организирање и дека луѓето не се оставени сами на себе (повторно) откако веќе учествувале на семинарите/конференциите организирани од ЕАПН Австрија, но имаат група во која ја споделуваат и продолжуваат работата/ мислењата/битката.

Б. Со цел да се донесат на исто место најразлични групи луѓе кои живеат во сиромаштија, за нас исто така важно беше да се вклучат разнородни групи луѓе кои живеат во сиромаштија, како групи од самохрани родители, групи за самопомош од лица со проблеми со менталното здравје, иницијативи на невработените лица, организации за мигранти итн.

В. Создавање простор и можности: за размена и информирање за правата, за дијалог со останатите засегнати страни/политичари, јавни активности и други форми на видливост, развивање проекти...

Г. Зголемување на вклученоста на луѓето кои живеат во сиромаштија во други елементи во нашите активности во мрежата.

Преку овие активности исто така започнавме со иницирање дијалог помеѓу истражувачите (како дел од нашиот академски советнички борд/одбор), на пр. лицата вклучени во австриското ЕУ SILC истражување, помеѓу луѓето кои живеат во сиромаштија и државните службеници итн.

Повеќе информации за проектот *Да станеме повидливи*, посетете ја www.armutskonferenz.at/armutskonferenz_news_sichbarwerden.htm.

Уште една иницијатива од страна на ЕАПН Австрија заедно со виенскиот театар „Гладни за уметност и култури“ стана во последниве неколку години национална програма за поддршка на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија тие да стигнат до галериите, театрите и друг вид на културни установи. Социјалните НВО и културните институции ширум Австрија ѝ се придружија на иницијативата, која кулминира секоја година со јавна прослава и настан за зголемување на свеста што вклучува концерти, изложби и улични манифестации.

## МИСЛЕЊА И ИСКУСТВА

*„30 луѓе, 30 судбини, а Бог знае дека воопшто не се лесни.“ Разни старосни групи, разни социјални милјеа. И една работа што ги обединува: искуството во финансиските проблеми.*

*Работилницата: пет дена заедно со театарската работа. Како се чувствував: помешани чувства од љубопитност, скептицизам и возбуда. Воведот веќе остава впечаток, мора да дојде до емоционално олеснување. Разиграни вежби за загревање, изненадува колку е лесно да се стапи во контакт со останатите. Првата вечер: еуфорија/ возбуда, трогнат сум од вниманието со кое овие различни луѓе се однесуваат еден со друг. Те сфаќаат сериозно, те слушаат, секој глас е еднаков. Заедно ручаме. Господе, колку убаво се однесуваат кон мене тука, волку грижа обично не добивам. Благодарен сум им, седам таму и плачам, бидејќи ова чувство на топлина со време се отуѓило од мене.*

*Ден по ден искуствата стануваат понапнати, сликите кои се развиваа од интуицијата сведочат за богатото искуство зад нив. Видливи стануваат драматичните стории на поединците, очајни ситуации – напати се чини дека се безнадежни. Колку е добро што не мора да се криеш. Секое чувство си доаѓа на место, оправдано е. Работиме со многу концентрација, но сепак сме разиграни, релаксирани. Преголемата среќа одеднаш се појавува како заштита од длабока болка. Се ронат солзи. Во ред е, групата сочувствително молчи. Трогателен момент. Каде на друго место добиваш шанса само да си „човек“ на еден ваков начин без никаков срам.*

*Последниот ден: сè уште има многу работа. Овие сцени добиваат форма, се појавуваат решенија, и онаму каде сите се чинеа невозможни. Толкава креативност од луѓе, обично ви е ускратено правото по службена должност да имате какви било животни способности. Колку е добро што не мора да се криеш... сериозно да те сфатат, да те чујат, да осетиш дека секој глас е еднаков. (...) Каде на друго место ви даваат шанса само да сте „човек“?*

*И ова (работилницата) нема да е крај, тукушто ги удривме темелите на еден театарски проект кој ќе го продолжат некои од нас како актери. Но, и патиштата на останатите од нас пак ќе се вкрстат, сигурен сум. Неделава беше како нашите животи – со сите подеми и порази, болка, очај, безнадежност, но и неограничена моќ и надеж. Секој од нас е херој. Ретко кога нешто ме трогнало вака.*

*Кој вели дека уметноста не може да смени ништо. Таа моќна енергија мора да создаде бранови! Искрено верувам во ова!“*

*Учесник во работилницата на Форум театар*



*Експерт за искуствата/Експерт по искуства?искуствениот експерт е лице кое живее или живеело во сиромаштија кој посетува обука посебно развиена за оваа професија и кој е ангажиран како посебен вид работник во секој општествен сектор кој е во контакт со луѓето што живеат во сиромаштија.*

*ЕАПН Белгија*

ЕАПН Белгија

# ЕКСПЕРТИ ЗА ИСКУСТВО

**Нова професија за луѓето кои живеат во сиромаштија вклучени во политиките за борба против неа**

## Контекст

Веќе неколку години со ред  се појави еден став за човековите права, низ кој на сиромаштијата се гледа како на одговорност на општеството во целина. Сè повеќе се зголемува општата согласност дека најдобар начин за креирање политики е активно и интензивно вклучување на засегнатите луѓе. Во политиките за борба против сиромаштијата ова подразбира вклучување на луѓето кои живеат во сиромаштија.

Во Белгија се следат две насоки: „асоцијации во кои заседаваат луѓето во сиромаштија“ и „експертот за искуства“, нова професија за луѓето кои живеат во сиромаштија, која ја опишеме подолу.

## Опис

Соочени со предизвикот за справување со сиромаштијата, очигледно дека треба да се вклучат и загрозените лица, но постои и една карика која недостасува помеѓу социјалниот работник и лицето што живее во сиромаштија. Доколку и двајцата не се свесни за јазовите меѓу нив, овде пропаѓа социјалната помош. Токму затоа е неопходно да се вклучат луѓето кои живеат во сиромаштија во борбата против неа.

Овој поглед на сиромаштијата разликува пет јазови:

- <u>Јаз помеѓу структурите и учеството</u>: Многу од правилата и структурите се наменети за просечните ситуации, базирани на средната класа. Луѓето кои живеат во сиромаштија, не припаѓаат на средната класа, можат да уживаат

во придобивките кои ги нудат многу пакет-аранжмани како грантови за учење, семејни додатоци, додатоци за домаќинства, фискални бенефиции.

- Емоционален јаз: Повредениот приватен живот на непривилегираните лица, вината која многу им тежи, а која им ја наложува општеството, неизмерниот копнеж поради незадоволените основни потреби, таги кои никогаш не ги пребродиле. Сето ова им ги блокира емоциите и го парализира нивното функционирање.

- Немање доволно знаење: загрозените луѓе имаат преголем недостаток од знаење за општеството и неговите институции. Тие не знаат како функционира општеството. И кога обете страни – луѓето кои живеат во сиромаштија и општеството – не се свесни за тоа, јазот не може да се премости.

- Јаз во способностите: Луѓето кои израснале во сиромаштија никогаш немале шанса да ги научат потребните способности за да се одржуваат во нашето општество на начин прифатен од доминантната култура. Многу од родителите и самите ги немаат тие способности и не можат да им ги пренесат на своите деца.

- Јазот во позитивна моќ: Исклучителна е неверојатната мотивација и моќ кои овие луѓе ја сносат за да ја подобрат сопствената и состојбата на своите деца. Колку повеќе луѓе во сиромаштија добиваат можност да се ослободат од товарот на нивното повредено его, толку повеќе се откриваат овие способности.

- Овие јазови имаа вродена врска: тие постојано се надополнуваат и влијаат еден на друг. Јасен поглед на секој од нив ни дава комплетна слика за сиромаштијата. Секако дека секое лице си има своја приказна и искуство и не може да се најде сето ова сконцентрирано во една личност.

## Обука и вработување

Да се работи како искуствен експерт, не е доволно само да сте ја почувствувале сиромаштијата; исто така неопходно е и образование. Институтот за обука „*Врска*“ е создаден за да организира вакви курсеви. Искуствениот експерт е толкувач и има функција на олеснувач. За да ги исполни овие задачи, мора да научи да се дистанцира од неговата лична историја. Ќе мора да се справи со сопствената болка и чувства на вина за да ја види својата сторија како една од многуте стории на луѓето во сиромаштија.

Луѓето со ускратени привилегии развиваат механизми за опстанок базирани на голема недоверба во опшстеството и социјалните услуги. Контактот со ова може да се реализира преку концентрирање на повреденото его на сиромашниот. Препознавањето на болката и ослободувањето од товарот на вина можат да направат простор за искуство од другите луѓе и простор за општеството.

Искуствениот експерт исто така треба да развива конкретни вештини за работата; особено се бараат комуникациските вештини. Затоа е потребно четиригодишно образование (3 дена неделно).

## Што функционираше добро; Кои беа проблемите

Кога ќе се соберат заедно луѓето што живеат во сиромаштија, гледаме дека добиваат голема поддршка од останатите луѓе со исто искуство. Но, во многу ситуации како во грижата, или пак соочени со јавните услуги, оставени се сами на себе соочени пред општеството кое не го разбираат и кое не ги разбира. Во ваквите ситуации благослов е покрај себе да имате искуствен експерт.

Од друга страна пак, се работи за огромен чекор во животот што искуствениот експерт треба да го направи од барателот, клиентот или пациентот до местото на искуствениот експерт, позиција на увид и разбирање на другата страна. Лицата кои ќе се запишат на овој курс се здобиваат со позитивната моќ која кога ќе им се даде можност често ја покажуваат луѓето во сиромаштија.

Тимот во кој работи искуствениот експерт исто така треба да помине низ промени. Експертот не е само дополнителен работник кој ја олеснува работата. Потребен е друг начин на работа за кој треба да е подготвен тимот. Претежно искуствените експерти работат во тандем со социјален помошник. Вршат иста работа како и социјалниот работник, но даваат нова перспектива: размислуваат, толкуваат, се соочуваат, проверуваат дали предложената грижа му одговара на случајот.

## Влијание врз националната мрежа

Идејата на искуствениот експерт  најпрво беше развиена во текот на повеќе години во рамките на асоцијацијата на луѓе кои живеат во сиромаштија со наслов *„Круг“*. Во март 1999 год. од оваа асоцијација беше формирана *„Врска*“ како непрофитна организација со јасна намера за воведување на обука, како и вработување на искуствените експерти во работа со сиромаштијата и социјалната ексклузија. Беше дополнителна на системот асоцијации на луѓе кои живеат во сиромаштија кои се соочуваат со такви ситуации, во случаи кога групата луѓе кои живеат во сиромаштија не е во можност да му помогне на некое лице при остварување контакт со властите и услугите. Но не само помош на луѓето, искуствените експерти исто така се повикуваат да го оценуваат и да го поддржуваат развојот на социјалните политики.

Развојот на оваа нова професија истовремено беше интензивен начин да се одобри учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија во многу домени во кои одлуките влијаат на нивните животи. Може да го зголеми капацитетот за помош на луѓето во сиромаштија во тешки ситуации при соочување со властите. Исто така, доведе и до иницијатива на федералната администрација *Социјална интреграција* за воведување на дополнителна програма за обука за иксуствените експерти во сите видови административни услуги на федералната влада.

Лудо Хореманс, врз основа на документите од институтот за обука за Искуствените експерти „*Врска*“.

## И уште нешто...

### За искуството од експертите и пошироко споделување на проблемите и решенијата

Искуствениот експерт не е професија само во организациите за борба против сиромаштијата. За лицата кои ќе ја поминат четиригодишната обука во партнерство со членови на персоналот од повеќе државни услуги, како и за вториве, ова е богато искуство. За повеќе информации, посетете ја www.vlaams-netwerk-armoede.be

## Мислења и искуства

*„Кога пред неколку години заклучив дека ако се обидам да учествувам во општеството (уште еднаш), првата работа што ми требаше беа информации за тоа како да комуницирам со луѓето кои се чинеше дека имаа различни норми и вредности. Така започна приказната со подеми и падови.*

*Следен чекор беше тоа што го открив 4 годишниот курс под наслов искуствен експерт во сиромаштија и социкална екслузија. Можноста да се биде член на група студенти и да се размислува за искуствата од својот живот и на другите на поимот учество му дадоа малку појак звук и иако сѐ уште јас имав аверзија од него, решив да се обидам. Поминаа години од тогаш и по патувањето и посетата на разни средини и објекти, а плус и работата со разни луѓе, од бездомници, па социјални работници до владини службеници.*

*Моето искуство покажува дека несаканите ефекти од учеството се исто толку битни како и самото прашање.*

*Точно е дека учеството е силен инструмент под услов да постои чувство на еднаквост.*

*Во текот на моето работење некогаш се чувствував како да сум од Марс. Одвреме навреме ме обземаше цунами од емоции и претежно се разботеше за тоа како гледаме на правдата, или како ги оправдуваме нашите постапки.*

*Од ваквите моменти се учи за предрасудите и ни даваат идеа за одредени прагови, како да се справуваме со нив па дури и како да ги намалиме истите. Целосно ги почитувам индивидуалците и организациите кои се спремни да го разгледаат нивното функционирање и се спремни да ги дискутираат овие норми и вредности.*

*Со години истото го правев со моите норми и вредности и знам колку може да биде тешко.*

*На крајот треба да кажам дека за мене вистинското учество се случува кога целосно се почитуваат разните мислења за нормите и вредностите и доколку е неопходно, за нив се разговара на еден независен начин на размислување или справување.“*

*Тоон Де Ријк – Искуствен експерт*

Во Белгија, бробата за справување со сиромаштија ја вршат субјекти во Фландрија, Валонија и Брисел. Валонското стојалиште на учеството гледа како на гаранција дека секој збор од секоја група се зема предвид. Квалитетот на input мора да е загарантиран со метод адаптиран според спецификите на секоја група.

Во Фламанскиот декрет направен со учество на асоцијациите, учеството се опишува како „учество во социјалниот живот со цел да се подобри добросостојбата на индивидуалецот и на заедницата, резултирајќи со лична контрола на нивните животни услови и на надворешните фактори кои ги дефинираат/влијаат на овие услови.“

ЕАПН Белгија

## ЕАПН Белгија

## **Групи за дијалог**

### **Метод за создавање консензус**

**Контекст**

Методот на групите за дијалог започнува со тоа да им даде можност на луѓето кои живеат во сиромаштија активно да учествуваат во разговорите и дискусиите сосредоточени на креирање предлози за политики и ова го прави преку асоцијации кои ги здружуваат и кои им даваат можност да се искажат. Во суштината на методот стои дека планирањето и процесот на донесување одлуки треба да се адаптира согласно темпото на групата. Најпрвин е развиен и употребен во Белгија во 1994 год. при подготовката на *Генералниот извештај за сиромаштија* (1996).

**Опис**

Во методот има три пошироки фази:

Првата фаза е консултирање помеѓу асоцијациите каде на сиромашните им е дадена можноста да се искажат. Овде експертизата на најзасегнатите лица, т.е. сконцентрирано искуство на луѓато што живеат во сиромаштија. Започнува со дебата во секоја асоцијација, по што следат консултации помеѓу нив. Двата вида консултации се одвиваат паралелно и бараат постојана повратна информација до целокупната група во секоја асоцијација. Ако се земе за сериозно учеството на луѓто кои живеат во сиромаштија подразбира и дека групите за дијалог треба да одлучат при изборот на проблемот на кој ќе работат. Луѓето кои живеат во сиромаштија избираат теми кои им се најважни во секојдневниот живот. Искуствата, наведени во *Генералниот извештај за сиромаштија*, тука интензивно се користат, да се утврди до кој степен тие можат да обезбедат почетна точка за продолжување на дискусијата во фазите опишани подолу. На крајот од оваа прва фаза се одлучуваат елементите на input во креирањето политики.

Втората фаза е консултација со „партнерските" приватни и јавни услуги, институции и нивни агениции-ограноци, каде ја додаваат нивната конкретна експертиза за искуствата на асоцијациите и за предлозите. Во оваа – и во следната фаза –неопходно е вклучување на доволно голема група луѓе кои живеат во сиромаштија. Одредени членови на групата не ги претставуваат асоцијациите во форма на класични „делегати" или „портпарол", туку тоа го

прават сите заедно. Многу е значајно да се одржува повратната информација со остатокот од групата кои не учествуваат директно во консултациите. Ова подразбира создавање бенефиции/додатоци/allowance за асоцијацијата кои продолжуваат со дискусии на внатрешен план на конкретни прашања од време на време, што очигледно има knock-on/пропратен ефект врз темпото на дебатите и средбите и донесувањето одлуки. Исто така, на средбите треба да присуствуваат огромен број луѓе кои живеат во сиромаштија, не за да бидат „побројни“ од останатите, туку да почувствуват дека нивниот input и придонес се неопходни за процесот во целина.

Третата фаза е консултирање со телата за креирање политики (владини агенции, оддели и политичари) кои имаат право на креирање политики во областите за кои станува збор.

Во текот на оваа завршна фаза, има неминовно периоди кога треба да се навратиме на средбите од втората, па дури и првата фаза, без разлика на тоа како реагираат креаторите на политики на доказите и предлозите поставени од асоцијациите. Доколку политичките власти ги одбијат овие предлози, но сепак ако атмосферата остане позитивна и конструктивна, процесот на дијалог веројатно ќе отпочне одново од почеток околу одредени алтернативи кои ги наметнуваат властите.

## Што функционираше добро; Кои беа проблемите

- За да се примени методот на групи за дијалог потребно е да се предвиди доволно време. Не е нешто што може да се заврши за неколку недели. Потребни се скоро шест месеци. Особено првата фаза одзема многу време.

- Постојат два импулси: методот на дијалог се користи или за совет кој го бараат властите или пак е иницијатива од самите асоцијации. Во првиот случај проблемот е што креаторите на политики претежно немаат многу трпение. Често прашуваат за совет од асоцијациите на луѓе кои живеат во сиромаштија во последната фаза од процесот донесување одлуки. Треба да го имаат потребниот рефлекс оној момент кога размислуваат да сменат нешто или да преземат нова мерка, да ги повикаат засегнатите страни да го започнат дијалогот.

- Состојбата е поразлична кога иницијативата доаѓа од самите асоцијации. Движењето кон втората и третата фаза во тој случај е во нивни раце. Се повикуваат услугите и донесувачите на одлуки кога се подготвени асоцијациите луѓе кои живеат во сиромаштија.

- Доколку креаторите на политики изнесат решенија кои само минимално се разликуваат од решенијата претходно покренати од асоцијациите, процесот може одново да почне, при што се исфрла првата фаза. Очигледно ќе треба повеќе време ако новите алтернативи предложени од властите значително се разликуваат од предлозите претходно поднесени од НВО. Најлошото сценарио – во случаи кога не може да се воспостави позитивна и конструктивна клима – ќе значи соочување со фактот дека процесот е во застој и дека во новата ситуација асоцијациите треба повторно заедно да се консултираат што би подразбирал поинаков одговор.

- Трите фази од процесов не се секогаш линеарни или јасно разделени како што е опишано. Во зависност од ситуацијата и односите, може да дојде до забрзан напредок во кој фазата два и три можат да течат истовремено, или некогаш може да постои потреба да се вратат од третата фаза на првата или втората пред дијалогот соодветно да се заврши.

## Влијание врз националната мрежа

Методот на групи за дијалог за првпат се употреби за работата во рамките на *Генералниот извештај за сиромаштија* (1996). За првпат во Белгија владата не ги праша научниците да изготват таков извештај, туку асоцијациите на луѓе кои живеат во сиромаштија заедно со асоцијациите на градови и општини (национална асоцијација потпомогната од страна на King Bodouin Fondation). Белгиската мрежа за борба против сиромаштијата учествуваше во овој двегодишен процес кој доведе до издавање на *Генералниот озвештај за сиромаштија*. Методот вклучуваше луѓе кои живеат во сиромаштија, нивно ангажирање од почетокот до самиот крај, вклучувајќи и rereading/ ревизија на поглавјата од извештајот. Нацртот на извештајот беше вообичаен процес помеѓу луѓето кои живеат во сиромаштија и социјалните работници  од јавните центри кои работат со истрага и доделување на минималниот приход во Белгија. Од тогаш овој метод остана еден од најважните во учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија во процесите за донесување одлуки.

За жал, нема секогаш доволно време да се користи како што е планиран, па затоа постојат неколку негови варијации, но главниот принцип за директно учество на луѓето кои живеат во сиромаштија, вклучувајќи ја и третата фаза на контакт со донесувачите на одлуки, останува и покрај сѐ.

Лудо Хомеранс, Координатор, Белгиска мреж за борба против сиромаштијата

## Уште нешто...

### За учеството и работата за борба против сиромаштијата во Белгија

Работата за борба против сиромаштијата во Белгија е координирана од страна на Белгиската мрежа за борба против сиромаштија и се спроведува од страна на три различни тела:

- Валонската мрежа за борба против сиромаштијата
- Бриселската мрежа за борба против сиромаштијата
- Фламанската мрежа за борба против сиромаштијата

Фламанската мрежа е формирана со декрет и владата мора да ја консултира за сите прашања кои се однесуваат на луѓето кои живеат во сиромаштија. Првенствено користи групи за дијалог и експерти по методот на искуство од учеството и членовите на мрежатамора да состават свое членство кое ќе брои најмалку 75% на луѓе кои живеат во сиромаштија. За повеќе информации посетете ја www.vlaams-netwerk-armoede.be

Валонската мрежа го користи методот на граѓанско известување, кој претставува структурирано консултирање со цел луѓето кои живеат во сиромаштија да учествуваат во креирањето политики.

Бриселскиот форум беше формиран од социјални работници за размена и решавање на проблеми од областа на социјалната ексклузија. За повеќе информации посетет ја http://geocities.com/lutteisa03

## Мислења и искуства

*„Генералниот извештај за сиромаштија во 1996 год. за нас беше значаен момент. За првпат политичарите нѐ слушнаа, и тоа не еднаш, туку во текот на 2 години. Можеме само да кажеме како се чувствуваме кога осудени на живот во сиромаштија.*

*Но, мислевме дека нема да престане по одреден период. Треба да е на располагање цело време ...„постојаниот дијалог“ како што го нарекувавме. Бидејќи за толку кратко време се случуваат многу работи, што секогаш имаш многу што да кажеш. За жал, треба постојано да ги повторуваме истите работи, бидејќи ни се чини дека не „пали“ од првпат.*

*Се работи за неколку различни проблеми од типот на домување, енергија или работа... постојано треба да повторуваме што не оди добро и што сметаме дека може да се подобри. Конечно, да се согласиме дека политичарите го прифатија нашиот метод за дијалог и дури и направија закон за него, така мислам.*

*Овој метод за дијалог сега се користи за електричната енергија со фламанските и балгиските министри. Но истото го правиме во нашиот град со услугите на социјална политика кои одлучуваат за минималниот приход. Гледаме што не чини, дискутираме како може да се подобри и поднесуваме предлози до политичарите кои имаат моќ да одлучуваат по ова прашање. Ова не значи дека веднаш ќе се смени нешто, но по извесно време навистина се менува, иако некогаш е потребно многу време, па ние очајуваме по тоа прашање.“*

*Белгиски учесник во Европската средба на луѓето кои живеат во сиромаштија*

Учеството подразбира признавање на придонесот на сите страни во донесувањето одлуки на еднакво рамниште и гарантира дека ќе им бидат вклучени во завршниот извештај мислењата на поединците и групите кои имаат влијание во овој процес.

ЕАПН Франција

## ЕАПН Франција

# Работа на меѓународно ниво за политиките за социјална инклузија

**Контекст**

Францускиот волонтерски сектор, особено секторот за социјални услуги, има малку input во креирањето политики за социјална инклузија (особено националниот акционен план за инклузија –NAP INCL). Некогаш дури и не ги информираат и ги исклучуваат од донесувањето информации. Исто така, луѓето кои живеат во сиромаштија, директно засегнати од европскиот процес за социјална инклузија се многу далеку од политиките, одлуките и директивите.

ЕУ промовира еднакви можности за сите, па оттука сиромашните заедници исто така имаат право и должност да знаат за европските и националните политики за социјална инклузија.

Ова се случува во период (јуни 2006 год.) кога ЕАПН Франција и нејзините членки дискутираа за новиот француски NAP INCL, го поттикна проектот „*Работење на меѓународно ниво за политиките за социјална инклузија*“,

поднесен до Европската Комисија од страна на фондацијата Армија за спас и нејзините партнери (ЕАПН Франција, UNIOPSS и регионалните позиции заедно со Министерството за социјална работа кое беше одговорно особено за изготвувањето на NAP INCL), врз основа на нивното богато искуство во областа на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија како активни граѓани.

За поголема ефикасност во градењето на свеста кај европските политики за социјална инклузија, проектот потенцираше дека луѓето кои живеат во сиромаштија треба да го изведат пристапот во асоцијациите.

## Опис

Општоземено, проектот *„работа на меѓународно ниво“* создаден за поддршка на луѓето кои живеат во сиромаштија и давателите на социјални услуги при преземањето и оценувањето на NAP INCL 2006-2008 за да можат да учествуваат во развивањето на новото NAP INCL.

Поконкретно, идејата беше да се направи следново:

- NAP INCL да се натераат да разберат и да реагираат;
- Да се добие критично толкување преку проверка и споредување на текстот од политиката со дневната реалност;
- Да се дадат agenda-shaping input/материјал за обликување на агендата и да се направат мостови помеѓу сите инволвирани страни за промовирање на дијалог и заемно разбирање, особено развивање заеднички став при подготовката на input во новото NAP INCL
- Промовирање на партиципативна демократија и обука на учесници преку:
    - Заедничка ревизија/Reading и преземање на NAP INCL
    - Составување на детален глосар/речник за сите акроними во NAP INCL

Закажување средби помеѓу засегнатите страни и луѓето кои живеат во сиромаштија во 3 француски региони (Горна Нормандија, Север-Па де Кале и Шампања-Ардени) за да се дискутираат трите насоки на NAP INCL (луѓето кои воопшто не се на пазарот на трудот да се вратат на работа, интегрирање на младите во општеството и работата и проширување на условите за квалитетно социјално домување и сместување). Другата цел е да се дојде до предложени подобрувања, собрани во сумарен документ).

- Создавање инструменти за информирање и зголемување на свеста: website (www.inclusion-sociale.org, CD ROM, изложба на фотографии, итн.)
- Оддржување на национална еднодневна конференција за повратни информации и дискусии за работењето.

Целните групи на проектот беа сите засегнати страни на NAP INCL заемно поврзани во партнерски асоцијации: провајдери на социјални услуги и луѓето кои живеат во сиромаштија. Секоја работна група беше составена од еднаков број даватели на социјални услуги и луѓе кои живеат во сиромаштија.

„За лицата кои беа веќе вклучени во системот, да се знае како тој функционира значи моќ и важно е да се научи она што често не го сфаќаат“, Алаин, кој говори за своето искуство на националната конференција за повратни информации.

## Што функционираше добро

Акцент на проектот „*работа на меѓународно ниво*“ се стави на фактот што сите засегнати страни беа вклучени и одговорија со еднаква мера.

Поради процесот, луѓето кои живеат во сиромаштија и давателите на социјални услуги од корисници или професионалци одговорни за примена на правилата и мерките преминаа во заедничко формулирање на јавните политики.

„Властите и креаторите на политики мора да нè признаат како свои соговорници“ бараше Virginie.

Во поглед на процесите:

- Заедничко успешно оценување и донесување предлози за следниот период на планирање
- Равивање на дводневна комуникација помеѓу националните/европски и локални политики во кои луѓето кои живеат во сиромаштија и давателите на социјални услуги законски го формулираат нивното заедничко и еднакво мислење за националните и европските политики.

Во поглед на содржината:

- Ова беше прва можност за луѓето кои имаат искуство со или ги спроведуваат европските и националните политики да ги изнесат своите мислења кои заедно ги развивале;
- Овој пристап исто така им овозможи на учесниците да црпат од индивидуалните ситуации кога ги изнесуваат заедничките заклучоци;
- Резултатите беа конструктивни и релевантни.

Во поглед на партнерството:

- Проектот ги спои широкото партнерство од политичари до официјални агенции, социјални работници и НВО заедницата – членови и персонал, со луѓето кои живеат во сиромаштија;

- Луѓето кои живеат во крајна сиромаштија беа инволвирани преку *Животните совети на заедницата*, разни застапнички групи и пошироко преку асоцијации за застапување и услуги.

## Кои беа проблемите

***Во поглед на процесот:***

Станува збор за сè уште ограничен процес и сè уште не е автоматско директното консултирање со сите засегнати страни (давателите на социјални услуги и луѓето кои живеат во сиромаштија). Сè уште му треба иницирање на овој процес, бидејќи уште не почнува автоматски.

Европа им се чини многу далечна на учесниците кои повеќе имаат што да кажат на локално ниво.

***Во поглед на содржината:***

Присуство по случаен избор на средбите подразбираше дека треба да се повторува она што претходно е зборувано за содржината на пристапот и NAP INCL и повторно да се навратиме на работите за кои веќе стана збор.

Темите на NAP INCL беша мошне широки, а времето не беше доволно подетаљно да се разгледаат сите покренати прашања.

***Во поглед на партнетсрвото:***

Лесно беше да се инволвираат социјалните услуги и луѓето кои живеат во сиромаштија отколку официјалните агенции или креаторите на политики,

кои во суштина не се заангажираа со проблемот, бидејќи и самите не се поврзани со процесот.

***Влијание на националната мрежа***

Проектот покажа дека е добро интрегриран во ЕАПН Франција и покрај тоа што е уште на почеток.

На сите засегнати страпи им беше потребно водство да ја одржуваат енергијата и мотивацијата во нивното вклучување со оценување и надоврзување на европските и националните стратегии за справување со ексклузијата.

Заедничкиот пристап за креирање политики помага за градење индивидуален капацитет, со што се јавува потреба за вклучување на луѓето кои живеат во сиромаштија во целокупната работа на мрежата.

Женевјев Колине, ЕАПН Франција

## Уште нешто

### За работењето на учеството на ЕАПН Франција

Проектот „*Regard Croises*“ произведе цела серија инструменти и препораки за следниот период на планирање и вклучува темелна методологија за повеќекратно инволвирање на засегнатите страни при оценувањето на Националните акциони планови за социјална заштита и социјална инклузија. Деталната презентација за целокупната работа и резултатите може да ја најдете на следнава страна: www.inclusion-sociale.org

За повеќе информации за работата со учество и намалување на сиромаштијата спроведена од страна на ЕАПН Франција, посетете ја: www.eapn-france.org

## Мислења и искуства

*„Проектот „работа на меѓународно ниво“*

*Опсегот на проектот Работа на меѓународно ниво ни ги даде следниве можности:*

- *Да се сподели начинот на кој гледаат на сиромаштијата социјалните работници и луѓето кои живеат во опасни услови*
- *Да се наведат проблемите и да се развијат решенија заедно со социјалните работници*

*Луѓето кои живеат во сиромаштија не сакаат социјалните работници да им ги вршат работите. Од социјалните работници им треба помош, не милостина во социјалните услуги.*

*Регионалниот процес беше најдобар, со одлично учество!*

*Бидејќи се изведуваше за прв пат, се јавија извесни недоразбирања на парискoто резиме на кое очекувањата на луѓето не се исполнија на еднакво ниво.*

*Заклучоците и предлозите од секој регион ги земаше националниот совет за делување врз ексклузијата; но сакаме да знаеме што се случи со нив.*

*Сакаме да нè вклучат во раната фаза, како во составувањето на NAP INCL, така и во неговите проекти.“*

*Махамуд Елми, Серж Готлиер*

За унгарската мрежа за борба против сиромаштијата, учеството – и теоретски и практично – подразбира дека секој може да ги остварува своите права; секој може да го изрази своето мислење во поглед на прашањата кои директно или индиректно се однесуваат на него; секој може да почувствува дека е компетентна личност во својот живот; и конечно, се работи за покажување на знаењето на разни видови и степени, како и ставови; преку сето ова, станува збор за подобро запознавање на светот, добивање шанса за донесување одлуки кои подобро ќе им одат во прилог на сите.

2008/ЕАПН Унгарија

## ЕАПН Унгарија

## **Забележете ја, именувајте ја и решете ја ...**
## **но, заедно со нас**

### **Функционирање на Координативниот комитет на унгарската мрежа за борба против сиромаштијата**

**Контекст**

Унгарската мрежа за борба против сиромаштијата (ЕАПН Унгарија) е формирана во април 2004 год. како производ од здружениот труд на граѓанските здруженија кои работеа на намалување на сиромаштијата и социјалната ексклузија. Уште од самиот почеток ги избравме за принцип и цел за промовирање на ангажираноста на луѓето кои живеат во сиромаштија. Во тоа време, сепак не размислувавме за деталите од нашето работење.

Во ЕАПН Унгарија од 2004 год. изготвуваме и избираме унгарски учесници за Европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија. Годишно, 10 или 15 лица присуствуваат на овие подготвителни курсеви за обука. Како резултат од овој внатрешен систем за обука секоја година нови лица стапуваат во контакт со ЕАПН Унгарија и многумина од нив остануваат активни членови. За лицата кои живеат во сиромаштија учеството во Бриселската средба е особено одлучувачко искуство.

Денес во Унгарија постои многу мал број на граѓански здруженија, создадени како резултат на самоорганизирање на луѓето кои живеат во сиромаштија. Ова значи дека многу наскоро по формирањето на ЕАПН Унгарија се соочивме со проблемот дека постои самоорганизирање што би им олеснило на луѓето кои живеат во сиромаштија да ѝ се приклучат на ЕАПН Унгарија. До пролетта 2006 год., ни стана јасно дека треба да создадеме поструктурирано приклучување во членството и можности за учество за лицата во сиромаштија кои веќе дале свој придонес како волонтери и помошници во работењето на ЕАПН Унгарија. Започнавме од трансформацијата на кординативниот одбор кој раководи со ЕАПН Унгарија.

**Опис**

Во летото 2006 год., Генералното собрание на ЕАПН Унгарија го удвои членството на Координативниот комитет, половина од него вклучуваше луѓе кои живеа во сиромаштија. Работата на регионално ниво од тогаш се координира од тандем од едно лице кое живее во сиромаштија и еден експерт. Од тогаш па наваму, согласно истиот принцип, половина од координаторите кои ја поддржуваат работата на национално ниво се луѓе кои живеат во сиромаштија, а останатата половина се професионалци.

За почеток, делењето на работата помеѓу лицата кои живеат во сиромаштија и професионалците не е писмено јасно објаснето; но, очигледно е дека во текот на секојдневната работа, координаторите кои живеат во сиромаштија се сконцентрираат на инволвирање и промоција на учеството повеќе на поединците, додека пак професионалците се сконцентрираат повеќе на ангажирање на организациите.

На изборите на Координативниот комитет/одбор на ЕАПН Унгарија, оддржани во 2006 год., 7 од 11 кандидати од членовите кои живеат во сиромаштија 7 веќе имаа учествувано на Бриселските средби; и оттогаш соработуваме со нив. Во текот на двете поминати години, 4 од 11 се откажаа; а соработуваме со еден од нив во последниве неколку години.

## Што функционираше добро

Тешко е да се оцени за добра или лоша соработката помеѓу лицата кои живеат во сиромаштија и професионалците, со пристапот „добро и лошо“. Сепак се обидовме да ги собереме најважните позитивни карактеристики:

-Мнозинството луѓе кои живеат во сиромаштија што беа вклучени во структурите за донесување одлуки во ЕАПН Унгарија останаа активни

подолго време, имајќи континуирана и решавачка одлука во раководењето на ЕАПН Унгарија. На овој начин теоријата профункционира на практичен план.

-Многу од лицата кои живеат во сиромаштија, вклучени во ЕАПН Унгарија можеа да видат дека животите им се менуваат на позитивно. Им беа дадени информации, знаење, контакти и како резултат на тоа, сега самите можат подобро да се снајдат за своите интереси. Некои од нив започнаа да учат или формираа свои организации. Да сумираме, праксата доведе до промени и на индивидуално ниво.

-Во рамките на Координативниот одбор/комитет заедничката работа во основа функционира добро. Проблемите кои може да настанат нè принудуваат кон еден посвесен пристап во поглед на прашањето за инволвирање на луѓето кои живеат во сиромаштија и создавање на форми и структури од и за нивно учество.

-Постојаното учество на луѓето кои живеат во сиромаштија во раководење со активностите на ЕАПН Унгарија резултираше со инклузија на нови ставови, ново знаење и искуства. Важно е да се истакне дека координаторите од луѓето кои живеат во сиромаштија извршуваат суштински задачи во активностите на ЕАПН Унгарија; на пример секоја година по ред тие учествуваат во организирањето на годишните средби за лицата кои живеат во сиромаштија и во организирањето и оддржувањето на регионални форуми кои ги подготвуваат националните средби.

Секоја година го изготвуваме *Извештајот за мониторинг на ЕАПН Унгарија* за состојбата на семејствата кои живеат во сиромаштија, врз основа на активно учество на нашите членови кои живеат во сиромаштија. Лицата кои живеат во сиромаштија учествуваат во настаните, конференциите и соопштенија за јавноста како предавачи или луца кои

вршат интервенција. Заедничката работа на овој начин во основаја збогати ЕАПН Унгарија.

-Со намерата учеството на лицата кои живеат во сиромаштија да стане пракса во ЕАПН Унгарија, им се доближивме на лицата кои живеат во сиромаштија, олеснувајќи го патот за убедување на другите да ги поддржат причините кои ги застапува ЕАПН Унгарија. Ова значи дека трансформирањето на Координативниот комитет беше многу значајно и ја прошири основата на ЕАПН Унгарија.

## Кои беа проблемите

Ако кажеме дека не се соочуваме со сериозни потешкотии и проблеми, секако би било лага: од позначајните предизвици кои остануваат се вбројуваат и:

-Трансформацијата на координативниот комитет се вршеше како ад хок „експеримент“ без претходни обиди и претходно искуство. Пред да започнеме не размислувавме за можните потешкотии и замки, па, не бевме спремни да ги решиме. Како резултат, често се обидуваме да ги следиме настаните и случувањата или да ги третираме случаите на индивидуално ниво, што на моменти е многу тешко.

-Соработката во рамките на Координативниот комитет или вршењето на улогата на регионален или национален координатор значи и одредени неопходни вештини и знаење од страна на професионалците. Всушност, ги немавме ресурсите кои би ни олесниле адекватните курсеви за обука и развој на вештини. Паралелно со елаборирањето и понатамошниот развој на една методологија, треба повеќе да внимаваме на ова во иднина.

-Да се има улога во ЕАПН Унгарија исто така подразбира подготвување на членовите кои живеат во сиромаштија. Овие луѓе се наоѓаат самите во ситуации кои им се непознати, соочени со очекувања со кои претходно се немаат сретнато. Не ретко се појавуваат и тензии во врските со семејствата и малите заедници на луѓето кои живеат во сиромаштија. За да можат тие да учествуваат во работата на ЕАПН Унгарија без да се соочат со фрустрации и неуспеси треба да се погрижиме за нивната постојана поддршка (менторство), со што им нудиме можност да ги изразат своите искуства на редовно ниво. Веќе преземавме извесни чекори во овој поглед.

-Фактот што и денес не сме ги појасниле улогите, очекувањата и интеракцијата од членовите на Координативниот комитет/одбор би можело повремено да доведе до конфликти и забуна, но работиме на нивно подобрување.

-Честопати, темите кои се поставуваат на средбите кои се многу далеку од дневните проблеми повремено можат да доведат до потешкотии при мотивирањето на луѓето (на пр. вклучување во теми на ЕУ). Се надеваме дека подобрувањето на методологијата ќе помогне да се надминат овие проблеми.

## Научени лекции

Веќе ги опишавме најважните позитивни и негативни лекции; па овде ќе се сконцентрираме само на две прашања.

Во врска со практичното инволвирање на луѓето кои живеат во сиромаштија, сметаме дека учесниците во процесот треба да се свесни за фактот дека додека професионалците имаат релативно стабилна улога која

произлегува од нивната професија, улогата на лицата кои живеат во сиромаштија во основа е привремена, што произлегува од нивната ситуација во животот.

Како заклучок на студијата на случај, важно е да се каже дека трансформацијата на Координативниот комитет – заедничка работа на лицата што живеат во сиромаштија и професионалците – особено многу влијаеше за создавање посебна слика, исто така појава на посвесен и поодлучен став за промовирање на активното учество на луѓето во сиромаштија и претставување на нивната причина и на внатрешен и на надворешен план.

Изабела Мартон и Золтан Свобода, ЕАПН Унгарија, со особена поддршка од Ева Сарвак, Геза Гастони и Ласло Вебер од Координативниот комитет на ЕАПН Унгарија.

## Уште нешто...

### За партиципативното оценување во ЕАПН Унгарија

Учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија не е само дел од структурите на ЕАПН Унгарија. Во 2007 год., ЕАПН Унгарија реши да го мониторира резултатот и влијанијата од спроведувањето на националната стратегија „Да им биде подобро“ против детската сиромаштија  и некои други владини активности кои влијаеја на луѓето кои живеат во сиромаштија. Мониторингот се планираше да се врши  преку разговор со членови од семејствата кои живеат во или се во ризик од сиромаштија со инволвирање и на луѓето кои живеат во сиромаштија како водачи на интервјуто.

На крајот успеавме да добиеме 47 разговори  и некои членови на координативниот комитет, кои и самите се лица кои живеат во сиромаштија, учествуваа во процесите за подготвување и собирање податоци.

Овие искуства ја направија ЕАПН Унгарија одлучна да се сконцентрира на самозастапувачки групи луѓе кои живеат во сиромаштија во наредните години. За повеќе информации за работата на ЕАПН Унгарија посетете ја: www.hapn.hu

## Мислења и искуства

*„Што значи за мене тоа што сум член на мрежата и работам заедно со останатите во Координативниот комитет? Претставува можност за развој, за остварување на „сонот“, за заедничка работа...Како вага на која треба одново да се разгледуваат и да се оценуваат секој ден или по секој настан. Задачата на нашиот „тандем“ (пар од професионалец и лице кое живее во сиромаштија) да ги одржуваат тасовите во рамнотежа, за никој од нас да не падне од тасот. Да станеме дијаманти од чакал преку полирање еден со друг.*

*Во оваа работа постојат работи кои фунционираат многу добро...*

*Една непозната систуација, иако сте ја почувствувале на своја кожа, е она за што зборуваме (сиромаштијата). Може да разговараме за тоа, останатите се љубопитни што да речат. Не го сметаат за поплака или самосожалување.*

*Светот се зголемува; ќе отидете на места на кои никогаш не сте помислувале порано. Тајните желби ви се исполнуваат; може да патувате во странство и да научите многу.*

*Може да се запознаете со луѓе кои ве сфаќаат сериозно. Ги почитувате, цените и ги разбирате. Учиме да не зборуваме меѓусебно без да нè чујат. Ве сфаќаат сериозно, потребни сте.*

*Го поддржуваат и му помагаат на вашиот развој. Сите ние се развиваме и се менуваме. Стануваме заедница и организација која добро функционира.*

*А понекогаш има и работи кои не функционираат најдобро...*

*Да се дојде во заедница во која се зборува на еден многу посебен јазик; се чувствувате изгубено на почетокот од реченицата. Многу сте исплашени, се прашувате дали тие навистина сакаат да го чуват вашето мислење и дали сте им навистина потребни.*

*Понекогаш се чувствувате како странец... Вашата средина не разбира што зборувате. Им се гади од вас бидејќи дома носите „непријатна“ ситуација. И вашето семејство се чувствува лошо бидејќи децата се срамат на училиште поради прикажувањето во медиумите.*

*Можеби правиме напори за нешто што во никој случај не можеме да го смениме. Постојано зборуваме за тоа, но ништо не се случува. Резултатот доаѓа полека; мора да прифатиме дека немаме магично стапче. Менувањето на социјалната перцепција или предрасудите не е лесна работа.“*

*Золтан Свобода*

За нас, учеството значи преземање заедничка одговорност за создавање можности и сигурност дека сите луѓе можат да учествуваат во секоја област поврзана со човековиот живот и човековите права.

ЕАПН Холандија

## ЕАПН Холандија

## **Локални конференции за сиромаштија**

### **Составување на прирачник против сиромаштијата и социјалната ексклузија**

**Контекст**

Од мигот кога беше формирана, ЕАПН Холандија работи на убедување на креаторите на политики и донесувачите на одлуки дека во основата на секоја инцииjатива треба да лежи дијалог со почит со луѓето кои живеат во сиромаштија за политиките кои директно се однесуваат на нив. Идејата за организирање на локални конференции за сиромаштија дирекстно се заснова на оваа филозофија.

По успешниот меѓународен проект со партнерите од Португалија, Франција, Италија, Германија и Белгија, кои ги споредија и воспоставија индикаторите за намалување на сиромаштијата помеѓу земјите учеснички, ЕАПН Холандија се обиде да ја тестира идејата на локално ниво и започна со застапување на локалните власти кои законски мораат да ги консултираат корисниците на нивните социјални услуги. Нивното застапување

кулминираше во едноставен работен метод кој претходно не беше спроведен – локалните конференции за сиромаштија.

**Опис**

Целта на локалните конференции за сиромаштија беше да ги собере најразни типови луѓе кои делуваат на локален план, да им се даде платформа и да им се дозволи да дискутираат за начините за зголемување на свеста во нивната заедница за потребата за справување со сиромаштијата и социјалната ексклузија.

Ние (ЕАПН Холандија) ги поканивме луѓето кои живеат во сиромаштија, но и креаторите на политики, претставници на политички партии, сопственици на дуќани, работници за детска грижа, наставници, претставници на органицазии за социјална помош и останати заинтересирани страни да земат учество на локалните конференции за сиромаштија.

Во суштина методот е многу едноставен; поканете ги луѓето од локалната заедница и дајте им отворена, но добросттуктурирана платформа за да можат да ги разменуваат мислењата и да ги поврзуваат креативните идеи за да имаат одлучувачко влијание врз сиромаштијата на нивно ниво.

Започнавме со контактирање на локалните општини – особено услугите за социјални прашања – и ги замоливме да ни бидат домаќини на конференцијата. ЕАПН Холандија беше одговорна за методологијата и сѐ што беше неопходно за организирање на конференцијата.

## Што функционираше добро

1.Во методологијата се обидовме секогаш кога е можно да ги вклучиме луѓето кои живеат во сиромаштија (Луѓето кои живеат на минимален приход и други социјални бенефиции, Бордови од клиенти на социјални услуги итн.) и ги замоливме да послужат како врска помеѓу ЕАПН и нивната општина.

2. Кога директно стапивме во контакт со општинските претставници, секогаш ги поканувавме бордот на клиенти на социјални услуги активно да учествуваат во целиот организационен процес на конференцијата.

3. Луѓето кои ги пречекуваа присутните, им делеа програми и беџови и одговараа на прашањата на учесниците – за време на конференцијата, сите беа луѓе во сиромаштија.

4. Луѓето кои живеат во сиромаштија беа во центарот на конференциите. Сите идеи кои се создадоа дојдоа од слушање на нивното искуство и нивните потреби. За нас ова е bottom up/ пристап во нагорна линија бидејќи е најефикасен.

5. Досега ЕАПН Холандија има организирано околу 20 локални конференции за сиромаштија. Финансирањето се обедбеди првенствено од централната власт, а сега локалните власти ги покриваат сите трошоци Нè замолија да организираме следни конференции на некои места.

„За првпат чувствувам дека сум важна за мојата општина, дека тие „навистина“ се грижат за мене.“

За ЕАПН Холандија, овој bottom up/ пристап во нагорна линија го претставува најважниот аспект на конференциите, но исто така има и други позитивни елементи.

Локалните конференции за сиромаштија влијаеја врз креирањето политики и донесувањето одлуки бидејќи ги збогати луѓето и им помогна подобро да се разберат еден со друг. Исто така помогна во создавањето нови локални сојузи.

Со некоја нова средба, откривме позитивна промена на ставот кај локалните донесувачи на одлуки.

## Кои беа проблемите

Еден од предизвиците сега е да се ангажираат луѓето кои живеат во сиромаштија во постојан процес на учество. Да ги ставиме во центарот на нештата не е лесна работа, но за повеќето време успеваме.

Сепак вистинскиот предизвик е надминување на стравот кој го чувствуваат локалните општински услуги, особено административните работници кои работат во одделите за социјална работа, за ангажирањето во вистински дијалог со луѓето во сиромаштија.

Потребни се многу енергија и време да ги убедиме административните работници и да им покажеме дека позитивниот пристап на конференцијата ќе го надмине нивниот страв од негативни појави.

### Научена лекција

Едно од главните влијанија е позитивната промена во неколку политики кои ги следеа идеите кои се јавија на локалните конференции за сиромаштија.

Една од лекциите која ги научивме беше ако работите трпеливо и сакате да вложите многу време, луѓето ќе се здружат за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија.

Другата – на моменти болна – лекција, што ја научивме е недостатокот на свест и желбата да се признае дека овој нов пристап за учество одзема време и чини пари.

Иако ЕАПН Холандија се труди трошокоst да го сведе на минимум при организирањето на локалните конференции за сиромаштија, сè уште постојат општини кои сметаат дека работата со луѓето во сиромаштија значи дека тоа е ефтина работа. Исто така е иронично кога гледаме дека големите конференции посветени на други прашања, како на пример истражувањето, успеваат пдообро да се финансираат од истите тие општини.

Квинта Ансем, ЕАПН Холандија, www.eapnned.nl

## Уште нешто...

### За прирачникот против сиромаштија и ексклузија

Важен резултат од овие локални конференции претсавува *Прирачникот против сиромаштија и ексклузија*, во кој се собрани едноставни идеи кои се јавија на конференциите за сиромаштија. Овие се едноставни и често пати бесплатни чекори поделени на следниве категории:

1.Информирање
2. Минимум политика/услуга
3. Права на барателите

4. Формирање слика
5. Помош при долгови
6. Ексклузија
7. Домување
8. Други/трети страни
9. Направи сам/самопомош
10. Вработување/работа
11. Улога на училиштата
12. Проекти
13. Образование
14. Разно
15. Повторување
16. Стимулирање
17. Примери

Прирачникот може да се најде на холандски јазик на интернет страната на ЕАПН Холандија. Доколку сте заинтересирани за овој проект и како го смени начинот на размислување на локалните власти, контактирајте нѐ на: www.eapnned.nl

## Мислења и искуства

*„Можноста да се учествува на неколку конференции како работен член на организацијата е многу важна за мене. Како волонтер и лице кое секојдневно живее во сиромаштија полесно беше да се стапи во контакт со учесниците кои дојдоа на конференцијата: не само што можев да ги искажам своите лични мислења, но и креативноста. За да можам да го остварам ова ми беше овозможено увид од прва рака во реалноста дека е можно да дојде до промена ако луѓето еден по еден си ги разменат*

*мислењата, како и идеите за решенија за справување со сиромаштијата. Се чувствувам одлично тоа што ми влеа нова надеж.*

*Промената на ставот кон креаторите на политики и луѓето кои живеат во сиромаштија што се постигна како директен исход од овие конференции е она што највеќе го ценам. Конференциите ја подобрија комуникацијата помеѓу нив и сега постои повеќе почитување и заемно разбирање на проблемите и позициите.*

*Она што го направи моето учество дефинитивно и ја зголеми вредноста на конференциите е признавањето на луѓето кои живеат во сиромаштија чиј член сум и јас. Секако дека им помогна да бидат поотворени во создавањето нови идеи без разлика на фактот дека се изнесени и или нема доволно или воопшто средства да се стартува. Па, секој мора да биде креативен со ограничен буџет.*

*Важно е да постојат конференции на кои ќе се дискутираат проблемите со сиромаштијата за да се обидат да изнајдат некои креативни решенија заедно со што е можно повеќе локални учесници. Но нема да биде исто ако не се присутни луѓето кои живеат во сиромаштија. Од суштинско знашење е тие да се стават во центарот на конференцијата, бидејќи и самите знаат што им треба највеќе за постигнување позитивни промени во животот. Парите не се секогаш единственото решение за решавање на проблемите од областа на сиромаштијата и социјалната ексклузија. Чувствата на заедничка одговорност, желбата да се помогне и да се зголеми соработката и да се работи заедно за справување со сиромаштијата навистина може да доведе до промени.“*

*Марјо ван Влиет, Заменик претседател на Советот на клиенти за социјална помош и вработување Влаардинген – без приходи од платена работа, издржување од минималната страндардна социјална помош.*

**Гласови од терен!**

ЕАПН Норвешка формира сојузи со релевантни актери за посилно искажување на проблемите во полза на социјалната инклузија во Норвешка. 85% од нашите организации членки се самоорганизирани асоцијации кои се состојат од луѓе што живеат во сиромаштија. Бараме вистинско влијание на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија при креирањето политики на национално ниво. ЕАПН Норвешка бара да се чуе нивното мислење и на нив да се гледа како на вредни учесници во развојот на стратегии и принципи на учество, на политичко, системско и индивидуално ниво. Нашите членови вршат мобилизација  за да придонесат во процесите на донесување одлуки – не само да бидат чуени и консултирани – но да имаат реално влијание при донесувањето одлуки на трите споменати нивоа – политичко, системско и индивидуално.

ЕАПН Норвешка/ Алијанса/Сојуз за социјална работа

ЕАПН Норвешка/ Алијанса/Сојуз за социјална работа

## Да ја направиме сиромаштијата видлива!

## Приказна за мобилизацијата

**Советување/состанок/расправа/Hearing за сиромаштијата, Осло 24. август 2007 год.**

**Контекст**

Во текот на изминативе 10 години нашите организации членки се мобилизираа секоа втора година пред секој избор.

Промовирањето на проблемот со сиромаштијата како една од главните теми во текот на изборните кампањи претставува еден од главните фактори за успех во периодот во кој работи ЕАПН Норвешка.

**Цели**

Во 2007 год. норвешката влада немаше никакви планови за организирање на hearing/состанок за сиромаштијата. Наместо тоа ЕАПН Норвешка презема иницијатива за организирање на состанокот пред изборите во септември. Наша цел беше да го направиме видлив проблемот со сиромаштијата за време на изборната кампања. Заедно со *Батериет*, оддел во една од нашите организации членки, Црковната градска мисија и Норвешкиот синдикат на социјални едукатори и социјални работници (FO) формиравме работна група 6 месеци претходно за комбинирање на нашите ресурси во одборот за подготовка.

**Инволвирање на луѓето кои живеат во сиромаштија**

Инволвирањето на луѓто кои живеат во сиромаштија доаѓа природно бидејќи ЕАПН Норвешка се состои од 26 НВО, а 22 од нив се организации, асоцијации и групи во Норвешка, кои се состојат од и работа за финансиски, социјално и правно загрозените. Организирањето имаше bottom up /пристап

по нагорна линија во текот на целиот период на планирање и исто така претседаваа со целиот настан на денот на конференцијата.

**Други учесници**

RIO- Организација која ги застапува интересите на излекувани зависници, Ментално здравје, Норвешката конфедерација од синдикати (LO), Спасете ги децата, Црвениот крст, SAFO (мрежа од НВО кои ги организираат инвалидите) и Армијата за спас исто така дадоа свој придонес на состанокот.

Настанот се оддржа во огромен шатор за забави на еден од плоштадите во главниот град на Норвешка, Осло. Министерот за финансии, Министерот за социјална работа и инклузија и други врвни политичари земаа учество за време на настанот. Повеќе од 300 луѓе писуствуваа, а националната телевизија и весниците го покрија настанот. Денот заврши со промовирање на извештајот „*Силно да се влијае за истребување на сиромаштијата*“.

## Што функционираше добро

Состанокот на сиромашните им даде вистинска слика и чувство дека борбата против сиромаштијата не е напразно.

Значајна беше и покриеноста од медиумите.

Влијанието на креирањето политики беше битна исто така и го просветли општеството за проблемите на сиромашните.

Ги зајакна врските за лобирање, од членови до владата сѐ до парламентот, министерства и директорати.

Учесниците кои ги претставуваа сиромашните се чувствуваа победоносно.

**Кои беа проблемите**

Еден значителен предизвик е желбата ова да се направи без помош, без инвентивни партнери. Се обидовме, но не успеавме сами.

Друг предизвик е како да се ангажираат нашите огранизации членки во планирањето и вистинската работа. Лошите искуства сега се претвораат во вредно знаење.

## Влијание на националната мрежа

Владата обезбеди финансирање за понатамошниот развој на НВО.

Владата ги покани НВО да формираат своја група претставници од повеќе области од сиромаштијата, да се сретне со владата и министерствата 4 пати годишно, кога НВО ги поставуваат агендите за средбите.

За ЕАПН Норвешка стана полесно да регрутираат нови организации членки, па оттука и повеќе моќ за справување со сиромаштијата.

Се зајакна соработката помеѓу организациите членки.

## И конечно, што ќе правиме во иднина?

Ќе продолжиме со развивање на соработката со способни организации со цел да се зголеми влијанието од нашите активности.

Ќе продолжиме со развивање на соработката и интеракцијата помеѓу нашите организации членки со цел да се зајакне нашата индивидуална и коелктивна борба против сиромаштијата.

ЕАПН Норвешка, Даг Вестерхајм и Гунаар Паске

## Уште нешто...

### За сиромаштијата и социјалната помош во Норвешка

Норвешка е една од најбогатите земји на светот. Но нема шема за минимален приход базирана на правата за корисниците на социјална помош. Бенефициите варираат од секоја професија од областа на социјалната работа и за нив решава секој општински совет. Состојбата со секој апликант за социјална помош е произволна.

Како партнерска мрежа од организации/асоцијации/групи на делување за финансиски, социјално и правно загрозените групи во Норвешка, Алијансата за социјална работа при ЕАПН Норвешка работи на следново:

-укинување на сиромаштијата
-обезбедување на зголемено учество на корисниците
-подобрување на квалитетот и условите на животот за нашите групи во членството и подобрување на финансиските и работните услови за нашите организации членки.

За повеќе информации за Алијансата за социјална работа и нејзината работа, посетете ја www.velferdsalliansen.no.

## Мислења и искуства

*„Јас сум Хане Хауг, модератор на состанокот за сиромаштија 07, Осло. Моите импресии од настанот се дека допревме многу различни теми од типот на:*

- *Како сиромаштијата влијае кај децата,*
- *Како зависниците од дрога се соочуваат со пороблеми во системот за социјална работа и*
- *Како Министерот за финансии Кристин Халвосек го прифати предизвикот за намалување на сиромаштијата во Норвешка.*

*Што се однесува до мене, вистински да се почувтсвува сиромаштијата, може да ѝ каже на јавноста како се справував со предизвиците секојдневно. Фактот што министерот за труд и инклузија Бјарне Хакон Хансен цел ден ги слушаше говорителите на подиумот беше за голела утеха. И медиумите беа нестрпливи да најдат место како да го покријат состанокот. Претходниот ден тим од медиумите ме следеше во работата со бездомниците и болните и истовремено можев да им дадам добри причини за воведување на минимални социјални стандарди.“*

*во сеќавање на Леив Морквед, Ханне Хауг*

На учеството гледаме како на процес во кој двајца или повеќе кои споделуваат нешто (материјални добра, идеја или проект) решаваат да делуваат и да работат заедно за постигнување на заедничка цел.

ЕАПН Португалија/РЕАПН

ЕАПН Португалија/РЕАПН

## Активирање на учеството

### Контекст

Јасна цел на ЕАПН Португалија со проектот *„Активирање на учеството“* беше ангажирање со имплементирањето и зајакнувањето на националниот акционен план за инсклузија 2003-2005, се работеше на остварувањето на ставот 4, *а) Промоција според националната пракса на учеството и самоизразувањето на луѓето кои живеат во сиромаштија, особено во поглед на нивната состојба и политиките и мерките кои се однесуваат на нив.*

Овде стои проектот, како придонес во остварувањето на целта на политиката за која се бориме: лично учество на загрозените групи при одлучувањето како треба да се решат нивните проблеми.

ЕАПН Португалија ги направи првите чекори за учество на загрозените групи во 2002 год., преку шест регионални форуми организирани низ земјата и една средба на национално ниво на лицата кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија. Тогаш стана неопходно ваквите активности да имаат континуитет, од каде се појави развивањето на проектот „*Активирање на учеството*.“

### Опис

Проектот „*Активирање на учеството*“ развиен во 2005/2006 год. чија клучна цел е *„Промовирање и зајакнување на култура на учество во локалните институционални структури, преку овозможување на загрозените групи да ги исползуваат социјалните мерки и услуги.“*

Клучни активности во проектот:

1. Собирање на искуствата на загрозените групи во поглед на учеството и поставување на Локални опсерватории/набљудувачници
2. Развој на 10 работилници за обука во секоја локална област
3. Тестирање и зајакнување на методите на учество: Микро шеми
4. Ширење на резултатите

Почетната точка во развивањето на локалните опсерватории/набљудувачници во поглед на учеството беше ширење на идејата на проектот, повикување на официјалните агенции да уечствуваат. Беа формирани 4 опсерватории –во Брага, Опорто, Коимбра и Евора – за да се покрие целата држава – секоја се состоеше во просек од 12 државни и приватни агенции кои работеа со најразновидни таргет групи.

Со формирањето на опсерваториите, ЕАПН Португалија и сите партнери кои доброволно се нафатија на овој предизвик, работеа на процес во две фази. Првата ги вклучи 10те локални работилници за обука за социјални работници и лидери на организации развиени со главна цел за градење на свесност на праксите и перцепциите за темата учество, (ре)дефинирање на концептите, идентификување на ризиците и пречките поврзани со процесите на учество и проучување на методите и инструментите на учество. Крајната цел од оваа фаза на проектот беше првенствено учесниците да постигнат консензус за она што го разбираат под поимот учество и истовремено развивање на потрадиционални форми на социјална помош за идентификување на активноста (или активностите) кои ги тестирале методите на учество.

Периодот на обука ги подготви да продолжат на следната тест фаза, кога се реализираше низ 8 микро-шеми за учество, дизајнирани, планирани, раководени и оценувани со корисниците (загрозените групи) на ангажираните локални институции и услуги на организациите.

**Микро-шемите и групи учесници**

| **Микро-шема** | **Група учесник** |
|---|---|
| „Ние и нашето маало“ | Група што живее во сиромашен дел на Брага |
| „Група за самопомош за роднините и пријателите на лицата болни од шизофренија“ | Родители и пријатели на лица болни од шизофренија |
| „Трасирање патишта“ | Млади луѓе кои живеат во сиромашниот дел на Гуимараеш |
| „+ Граѓанство“ | Корисници на услуги со јавно учество |
| „Мрежа од меѓугенерациски средби“ | Стари лица и деца |
| „Активирање на гласот и мислењата“ | Стари лица корисници на дневните центри |
| „Промовирање на учеството“ | Стари лица корисници на една оргнизација во Евора |
| „Запалка“ | Млади лица во општината Евора |

По микро—шемите беше оддржан завршен семинар кој ги вклучува сите оние кои учествуваа во првата фаза од проектот и луѓе од други организации ширум земјата. Како резултат од проектот се јави книгата:

*„Мали искуства, големи надежи“* која отвара многу простор за размислување и дискусија на идеи во врска со темата учество.

## Што функционираше добро

Проектот беше многу позитивно оценет од инволвираните засегнати страни. Да ги истакнеме активното ангажирање и мобилизацијата на локалните актери, тесната соработка и размената на знаење помеѓу социјалните работници и загрозените групи, тестирањето различни модели на учество и што се научи од тоа, како и начинот на кој активностите повторно беа одиграни штом беа развиени шемите даде потстрек за следните активности за промовирање на учеството во тие или друг вид ситуации.

## Кои беа проблемите

При развивањето на проектот се сретнавме со проблеми поради недостигот од вистинска култура на учество во Португалија со која требаше да се справиме во некои од шемите, како на пример:

- Ризикот од создавање погрешни очекувања помеѓу целните групи кои не можат да се остварат задоволително, што подразбира анализирање на ресурсите, потенцијалите и пречките за луѓето со кои треба да се развива шемата
- Ризикот од ставање под приоритет на личните/институционалните интереси над колективните интереси
- Ризикот од преземање на сопственоста/контролата на шемата – или една организација/поединец да преземе преголема

контрола/сопственост, или пак воопшто да нема контрола, со што се доведени во прашање принципите за учество

- Ризикот дека нема најдобро да се применат научените вештини и добрите пракси, кои резултрираат од микро-шемите, истите не се применуваат во организациите каде работат луѓето, на пример на места каде има несигурност во работата.

**Влијание врз Националната мрежа**

Проектот создаде работни групи за учество кои се инволвираа во активности со кои подоцна раководеше ЕАПН Португалија, од типот на учество во европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија во Брисел.

На проектот „*Активирање на учеството*" се гледа како практикувано учество, како и клучно средство за португалската влада да почне да ги применува параметрите на *Националниот акционен план за инклузија*. Ова беше поттик да се продолжи со долгиот и тежок пат на учество, не за, туку заедно со луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија како насока за активно граѓанско делување и целосно остварување на правата и обврските на сите.

Главни лекции што ги научивме од овој проект:

- Учеството подразбира споделување заеднички цели, интереси, капацитет)
- Учеството подобро функционира преку „вмрежување" (со партнерство, а не со ривалство)
- Учеството бара географска и блискост на односи

- Отпорот кон промена/нефлексибилност во одредени организации ја зголемува потешкотијата во процесот учество
- За учеството е потребно време...и разните нивоа на учество не се секогаш (или не треба да бидат) целосно постигнати
- Учеството е можно!

Жулио Паива и Ана Клаудија Албергарија, ЕАПН Португалија

## Уште нешто...

### За учеството во Португалија

Активирањето на учеството исто така доведе и до објавување на една одлична книга со ресурси заснована на искуствата на сите инволвирани заедници и партнери. www.reapn.org/publicacoes_vusualizar.php?ID=66

Во дополнување, ЕАПН Португалија има развиено материјали за обука, истражување и свест за работа со посебни групи.

На внатрешен план, ЕАПН Португалија промовира пракса на учество за работа со разни групи и редовно врши мониторинг на задоволството на корисниците преку *„Совет за консултирање за квалитетот“*.

ЕАПН Португалија редовно применува пракси на учество во нивната надворешна работа со локалните, регионалните и националните засегнати страни. Како пример, локалните работилници за оценување на учеството се спроведуваат во многу заедници низ Португалија, а многу од нив се реализираа на барање на локалните власти. За

повеќе информации посетете на страната на ЕАПН Португалија www.reapn.org




## Мислења и искуства

*„Сè до минатата година бев една од долгорочно невработените, запишана на списокот невработени во 1995 год. Националниот институт за вработување не успеа да ми помогне, со изговор дека проблем ми претставува возраста. Како резултат на тоа, поминав долги години исклучена од списокот на невработени и добивање бенефиции за минимален приход, како и секој вид на обука што го нудеше Институтот за вработување.*

*Мојата врска со ЕАПН Португалија (РЕАПН) е активен начин на работа со општеството. Имам големо искуство преку моето ангажирање во граѓанските здруженија. 15 години бев волонтер во една детска болница, каде работата ми беше да си играм со болните деца во обид да им овозможам да заборават дека се далеку од дома. Потоа, бев избрана за работа во извидничкото*

*движење, во кое ги учев децата и младите да ги почитуваат другите, како и да ги почитуваат и сакаат животните и растенијата.*

*Друго вредно искуство од аспект на учеството беше кога ме замолија од локалниот совет во областа каде живеев да се грижам за децата од семејствата кои живееа во кампови (јули, август и септември). Наутро ги носев на плажа, додека попладнето го минувавме играјќи игри. Исто така работев и со Португалската лига за права на животните во подобрувањето на условите на кучињата и мачките, што исто така подразбираше и подобрување на условите на луѓето. Во последно време сум ангажирана и во Банката за храна.*

*Средбите на ЕАПН Португалија (регионални средби) ја зајакнаа идејата дека доброволните агенции можат да ја зголемат вредноста при разрешување на социјалните проблеми. ЕАПН не помага само да дојде до луѓето кои во одреден период од животот почувствувале што значи сиромаштијата. Исто така ги поврзува и социјалните работници кои ги информираат луѓето како да се справат со тешките ситуации. Но, исто така има и уште една критична карактеристика – според мене и најважната – што значи обелоденување на овие проблеми во јавноста.*

*Европската средба во Брисел им дава глас на луѓето од сите земји членки на ЕУ, при што сите би тргнале од еднакво рамниште во борбата за добивање минимални социјални услови за сите.*

*Сите ситуации кои ги искусив ми помогнаа да разберам дека секој е битен за физички и психолошки развој на луѓето околу нив, што има дополнителен ефект кој го подобрува животот на сите.*

*Се викам Ана Лаура и имам 55 години.*

*Последните 13 години живеам во Алентежо, неколку километри оддалечено од градот Порталегре, во јужна Португалија.“*

Шпанија е организирана во автономни региони со голема административна моќ, поради тоа учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија се разликува во повеќето региони. Целта на ЕАПН Шпанија за градење на заедничко разбирање на учеството е од долгорочен карактер, а не постои дефиницја која се применува во овој контекст.

ЕАПН Шпанија

## ЕАПН Шпанија

## **Градење методолошки водич од регионалните искуства**

### **Контекст**

ЕАПН Шпанија беше одново промовирана во 2004 год., а учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија стана една од стратешките линии на делување. Ова не значи само подготвување и одржување на национални средби или учество на европските средби како делегација.

Во контекст кој ги вклучува Европската стратегија за инклузија, Плановите за социјална инклузија на државно ниво и ниво на локална самоумправа, без оглед на феноменот за кој станува збор, дали се работи за имиграција или за промени на пазарот на трудот, реалноста е дека луѓето кои се директно засегнати постепено стануваат невидливи. Вообичаено недостасува мислењето на оние за кои се наменети сите овие стратегии, планови и проекти. Со други зборови, не се слуша нивниот глас.

Но, низ нашата земја постојат искуства каде оценката и мислењата на луѓето кон кои се насочени проектите, сепак се земаат предвид. Во ЕАПН Шпанија имаме и такви единствени искуства во рамки на социјалното учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална инклузија. На пример во Кастиља ла Манча се консултираат луѓето кои се директно засегнати од проектите за социјална инклузија.

Целта е „*промовирање на учеството на луѓето што живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, а телата во кои учествуваат да им обезбедат средства да реализирање на учеството“.* Како мрежа имаме за цел да се бориме со сиромаштијата и да спречиме ваквата состојба да не доведе лицата да бидат неспособни целосно да учествуваат во социјалниот живот.

**Цели**

Поради структурата на ЕАПН Шпанија постојат разни начини за работа со учеството преку различно темпо и процеси со што сѐ потешко се постигнува вообичаено прифатената дефиниција. Исто

така е точно дека активностите за учество преку ова се збогатуваат низ многубројни визии и пракси.

За да се соберат сите овие визии и пракси од разни региони на Шпанија , ЕАПН Шпанија формираше *Група на учество* која се грижи како се организираат средбите на луѓето кои живеат во сиромаштија и каков методолошки водич треба да изработат членките на ЕАПН за да го зголемат учеството на луѓето кои се соочуваат со сиромаштија.

Главни референци за *Групата за учество*:

- Групи луѓе кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија
- ЕАПН Европа
- Релевантното министерство кое ни ја довери работата за донесување предлози за учество на групите луѓе кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија.

Јасно е од целокупната оценка која ја изврши групата дека националните и европските средби треба да продолжат врз основа на работните цели на групата како и применувањето на стратегијата на ЕАПН Европа. Една од целите е да се одговори на прашањето кое се постави на последната национална средба: *Зошто ние, луѓето кои живет во сиромаштија, да не одлучуваме за точките кои мора да се дискутираат на средбите?*

Што се однесува на целта за собирање искуства, во оваа нова фаза, една од најсуштинските цели е поголема вклученост на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија на сите нивоа низ земјата и градење механизми за постигнување на нивното постојано учество.

## Што функционираше добро

Кога зборуваме за добро завршена работа или за успех, тешко е кога имаме уште многу работа. Но имаме постигнато значителен напор на ова поле.

Во ЕАПН Шпанија, со управување на *Групата за учество*, веќе две години работиме на *„Методолошки водич за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија“*. Оваа работа, поделена на две фази значи огромна посветеност на сите инволвирани луѓе. Во почетниот период изготвивме нацрт предлог кој ни овозможуваше да добиеме детаљна дијагноза за социјално учество на засегнатите луѓе или лица во ризик, промовирана од страна  на ЕАПН Шпанија со цел насочување кон заедничка концептуална рамка што ќе послужи како референтен модел. Сите овие информации се објавени кон крајот на 2008 год. Во втората фаза ќе продолжиме со дефинирање на значајна образовна компонента, бидејќи веруваме дека само процесот кој инкорпорира образование им овозможува на поединците и групите одново да се запознаат со реалноста и да го зголемат својот капацитет за да ја променат истата.

Како започнуваат овие колективни процеси? Кои услови треба да се исполнат за овие да бидат можни и ефикасни? Кои се актерите во овие процеси и какви им се улогите? Кои методологии треба да се користат? Какво искуство има ЕАПН во нив? Овие се неколку прашања на кои се труди да одговори Водичот.

Понатаму, вршиме експерименти на локално ниво, како оној на ЕАПН Кастиља ла Манча.

Во оваа единица на локалната самоуправа проектите во кои учествуваат ги оценуваат вистинските корисници на *Регионалниот план за социјална интеграција* (еднаков на Националниот план за социјална инклузија).

За време на овој експеримент се направи огромен напор да се убедат луѓето дека учеството на луѓето кои живеат во ексклузија во планирањето, анализирањето на состојбата и предлагањето решенија за нивните проблеми е составна компонента во инклузивниот процес и ги подобрува процесите кои се однесуваат на борбата против сиромаштија и социјална ексклузија. Ова го препознаваат европските политики уште од Лисабонскиот европски совет во 2000 год. и Националните акциони планови за социјална инклузија.

На овој начин, беше неопходно да се разгледа вистинското искуство на луѓето инволвирани во проектите и да се види дали ваквите проекти ќе им помогнат да ги подобрат вистинските услови за живеење: мора да се проучат причините зошто некои луѓе не можеа да си ги подобрат условите; да се види колкумина направиле чекор кон интеграција и колку од тоа е резултат на индивидуалните услови и/или пристап до ресурси. Ваквите информации се потребни, не поради фактот што учеството на ранливите луѓе го прави суштински дел од политиките за социјална работа (политичка причина), но исто така бидејќи ќе помогне во создавање подефинирани проекти кои се повеќе насочени кон задоволување на нивните корисници (техничка причина).

На државно ниво, предизвикот на ЕАПН Шпанија е добивање закон за социјално учество. На ист начин учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија е одразено во новиот *Национален акционен план за инклузија* преку *Конгрес за учество на луѓето кои живеат во тешки услови*, што треба да се оддржи во 2010 год. за време на шпанското претседателство со Европската Унија. На тој начин жртвите од ексклузија можат да го кажат своето мислење како влијаат социјалните политики на нивните животи.

## Кои беа проблемите

Работењето на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија е комплицирано кога нема ниту соодветна рамка, ниту процеси. Во дополнување, секогаш постои честата тешка лична состојба на луѓето за кои станува збор која треба да се земе предвид.

Како што наведовме погоре, националната и политичка конфигурација на Шпанија ги комплицира процесите на учество, но исто така и ги збогатува. Ова значи дека постојат разни ситуации и различно темпо и многу визии за она што е социјално учество. Социјалните субјекти ги немаат неопходните инструменти за интрегрирање на процесите на учество. Планираме ова наскоро да го исправиме преку спроведување на *Методолошкиот водич за учество* кој во моментов се изготвува.

Како дополнување на овие пречки, често ги гледаме главните пречки со кои се соочуваат жртвите на ексклузија и/или сиромаштија. Еве неколку примери на пречките:

- Недостиг од самопочит: една жена која придонесува на интересен начин во групата и која се гледа дека е интелигентна кога разговара со другите, сепак самата за себе вели дека ништо не вреди.
- Осаменост: „Немам семејство (...). Не излегувам бидејќи не можам да си дозволам ни едно пиво.“
- Недостаток од социјална поддршка: „Проектот ми дава можност да излегувам, да среќавам луѓе, да имам со кого да разговарам (...), со некој како мене.“
- Стравови (вклучувајќи го и стравот од учество): „...Луѓето можат да ги искористат (...) лицата во подредена положба...“
- Злоупотреба: Еден Ром кој подолго време работел во некоја фирма раскажа дека секогаш кога некоја машина ќе се расипела во саботите или кога требал да се реши некој неочекуван проблем во фабриката, некогаш ноќе, ќе му се јавел шефот, а не другите работници. Никогаш не одбивал бидејќи *„Не можам ништо да кажам, бидејќи сум Ром, и ако не отидам, шефот ќе мисли дека сум ист како сите други...“*
- Негативни стереотипи/идентитет: Еден Латиноамериканец со индијански црти на лицето вели дека *„жените почнуваат да ги стегаат чантите до себе кога им приоѓам“*; еден поранешен осуденик горко изјавува дека *„како да ми пишува на челото дека сум бил во затвор“*, или пак еден член на ромската заедница кој ќе изјави *„Тие мислат дека сите ние сме крадци.“*

## Научена лекција

Општо земено, влијанието на овие експерименти на учество се покажаа многу позитивни. Ваков беше заклучокот на повеќето средби

оддржани на државно ниво, ниво на локална самоуправа, како и на локално ниво.

Сепак, мора да го подобриме подготвителниот процес и вклученоста на луѓето кои земаат учество, но, во одредени случаи периодите се кратки и потребна е подолгорочна работа.

Во следните неколку години мора да сме сигурни дека социјалните и друг вид на јавни субјекти и субјекти кои донесуваат одлуки треба да го интрегрираат учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија. Во овој поглед неопходно е донесување на закон за социјално учество.

Хосе Хавиер Лопес, ЕАПН Шпанија

## Уште нешто...

### За учеството и работата за справување со сиромаштијата во Шпанија

Шпанија е земја во која миграцијата претставува тематски феномен во последниве неколку години. ЕАПН Шпанија верува дека имиграцијата многу придонесува во социјалното учество и го збогатува плуралистичкото општество преку проширување на перценпциите на луѓето кон други културни и социјални концепти и со кршење на стереотипите за „другиот“. Додека социјалното и политичко учество на мигрантите е предуслов за нивна интеграција, ова често не се случува во реалноста. Во овој контекст, членките на ЕАПН Шпанија развија цел ден капацитет од знаење, активности и

инструменти за интрегрирање на мигрантите во новата средина и продонесоа за прифаќање на феноменот во шпанското општество во целост низ јавни дебати, информации и зголемување на свеста.

Во поглед на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија, во наредните години ЕАПН Шпанија ќе се залага за закон за учество како средство за подобрување на социјалните услови. Законот треба да започне со премисата дека активното граѓанство подразбира и изготвување и спроведување на политики. Законот треба да воспостави:

- Тела за советување и учество воспоставени од самиот закон;
- Совети за учество и други формални механизми во кои може да учествуваат луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија
- Процеси на учество за општи и конкретни прашања кои властите сакаат да ги организираат за прашањата поврзани со социјалите услуги.

За повеќе информации за ова, како и останатата работа на ЕАПН Шпанија, посетете ја нивната интернет страна www.eapn.es

## Мислења и искуства

*„Дојдов во Шпанија откако избегав од Алжир, држава која во текот на деведесеттите години минуваше низ период сличен на војна поради ширењето на тероризмот. Скоро и да немаше безбедност.*

*Овде сум уште од 1992 год., периодот кога Шпанија стана земја домаќин на имигрантите. Во почетокот животот ми беше тежок*

*поради неколку фактори: не зборував шпански, не бев запознаен со шпанскиот административен систем, немав информации и кој да ме упати бидејќи не го знаев јазикот. Сите овие пречки, како и немањето финансиски средства ме доведоа до тоа да морам да бирам помеѓу враќањето дома, признавајќи си дека не ми успеала преселбата или пак да се соочам со погоре споменатите пречки и да продолжам понатаму.*

*Одбрав да се борам и да ја подобрам мојата состојба. Имав среќа да се запознаат со Шпанската католичка комисија за миграција (ACCEM), пионер во справување со феноменот имиграција. Тие ми помогнаа да продолжам понатаму, ми понудија часови по шпански јазик, информации и ме упатија како да го легализирам статусот во државата. Будејќи течно ги зборувам арапскиот и францускиот јазик почнав да соработувам со нив како преведувач, а подоцна вршев друга работа за зголемување на свеста и активностите во слободното време.*

*Скоро три години подоцна добив легален статус во многу тешки околности и започнав да работам за ACCEM, продолжив со работата како преведувач и ги надгледував активностите во слободно време. Во меѓувреме се здобив со образование во овие области, како тренер и социјален интеркултурен медијатор.*

*Како интеркултурен медијатор почнав да учествувам во развивањето неколку проекти за посредување во заедницата со цел олеснување на комуникацијата и промовирање на интеркултурен простор помеѓу домашната заедница и странските.*

*Ја користам оваа можност да кажам дека можен е излез од ексклузијата секогаш кога постои стратегија за insertion/вклучување, водство и информации за процесот на адаптација да стане што е можно пократок.“*

*Дрис Сади, АССЕМ (Асоцијацција на Шпанската католичка комисија за мигранти), организација членка на ЕАПН Шпанија.*

*Забелешка: Дрис Сади беше именуван за национален координатор за 8мата Европска средба на луѓето кои живет во сиромаштија и социјална ексклузија (беше шпански делегат за 7мата Европска средба за PEP).*

Мрежата на Обединетото Кралство  има четити мрежи активни во Велс, Англија, Шкотска и Северна Ирска. За ЕАПН Англија, учеството значи голема ангажираност на grassroots/члeновите на групата при планирањето и раководењето со нашата организација и активностите, истовремено нудејќи им ги потребната поддршка и обука.

Учеството исто така подразбира работење на тоа да се отворат повеќе државни институции и пошироки процеси за информирано и охрабрено ангажирање на grassroots луѓе/членовите на групата особено таму каде се донесуваат одлуки кои директно влијаат на нив. Гледаме партиципативни процеси како зајакнување н демократкисте процеси и овозможување подобра влада. Мрежите во Шкотска и Северна Ирска го имаат дефинирано учеството во нивните стратешки планови.

ЕАПН Обединето Кралство

ЕАПН Обединето Кралство

## Надминување на јазот во политиките

### Методологијата за надминување на јазот во политиките, преглед на учесниците и лекции за водство

**Контекст**

За многумина постои голем јаз кој се зголемува помеѓу она што го кажуваат националните политичари дека го прават за справување со сиромаштијата и она што навистина се случува „на терен“. *Надминување на јазот во политиките (BTPG)* беше 12 месечен проект во Обединетото Кралство, воден од Алијансата за сиромаштија (Шкотската мрежа за борба против сиромаштијата), дизајнирана да се сфати што функционираше на локално ниво за справување со сиромаштијата и промовирање на социјална инклузија. Во суштина проектот кој има за цел да ги инволвира луѓето кои имаат извесно искуство со сиромаштијата и социјална ексклузија да разберат „што функционира добро“. Проектот го постави учеството во центарот на работата за подигање на свеста; постигнување зголемена свест преку активно ангажирање на cross-section/избор од луѓе и организации во развивањето и оценувањето на политиките креирани за справување со сиромаштијата и социјалната ексклузија на локално ниво.

**Опис**

Проектот го адаптираше европскиот концепт за „Преглед на учесниците“  како основна структура за внимателна и дискусија со размислувања помеѓу учесниците. Важно е дека ја воведе идејата за „учесници во политиката“ кои испраќаат јасна порака дека искуството и знаењето на сите учесници подеднакво се цени; без оглед на фактот дали е здобиено преку професионална изложеност на политиките или преку доживеано искуство од влијението на политиките. Како дополнителна бенефиција на форматот Peer review беше флексибилноста која ја нудеше што доведе до огромен ангажман на учесниците во определување на структурата и содржината на настанот.

Во *Надминување на јазот во политиките* учествуваа три локални власти, секоја се грижеше за различна политика, но секоја внимаваше на најмалку една од четирите теми од Националниот акционен план на Обединетото Кралство:

- Свонзи: Стратегија за детска игра во Свонзи
- Њуам: Пристап до вработување за лицата со инвалидитет
- Глазгов: Работа со Фондот за семејства

Во сите овие области се спроведе дводневен „peer review“, настан на кој се собраа 300 лица. Ова значи дека имаше разни „entry points/почетни точки“ за луѓето кои се соочиле со сиромаштија, потврдување дека можат да придонесат онаму каде нивното input би имало најголемо влијание. Имаше четири клучни области во кои лицата кои живет во сиромаштија и социјална ексклузија беа директно инволвирани во проектот: Референтната група, Подготвителните средби/средбите за подготовка, средбите за преглед на учесниците и следни средби.

*Ререрентната група:* Оваа група одигра главна улога во проектот, помогна да се одредат политиките и иницијативите во review, даваше совети за структурата на peer reviews, исто така зема учество во секој преглед со цел да се извлечат поуки. Посветеноста бараше учеството во Референтната група да не се потценува. Средбите на групата се оддржаа во Лондон, со секој од тие три дводневни преглед на учесниците за кои требаше барем еден ден да не бидат дома.

И покрај значителната посветеност на времето, четири grassroots /членови на групата учествува во Референтната група, по еден од секоја област каде се оддржуваа преглед на учесниците и еден учесник со искуство но национален дијалог преку неговото учество во групата што го промовираше проектот. Сите grassroots / учесници-членови на групата донесоа најразновидно искуство во Референтната група – искуство дека се активни во нивната локална заедница, за живот со ниски примања, за слабо платена работа, за инвалидитет, за стостојбата на платени работници во самата заедница. Сето ова искуство го збогати работењето на референтната група и направи таа повеќе да реагира на прашањата поставени на прегледите на учесниците.

Подготвителните средби: Овие средби беа наменети за корисниците на услуги и луѓето кои се соочиле со сиромаштијата и волонтирале да учествуваат во прегледите на учесниците. Целта на овие две подготвителни средби беше градење на капацитет на лицата со цел тие да учествуваат што е можно повеќе во настанот прегледи на учесниците. Оценката на проектот истакна дека овие средби се од централно значење за создавање на урамнотежен дијалог помеѓу креаторите на политики на локално и национално ниво и луѓето кои живеат во сиромаштија.

Прегледот на учесниците: Ова беше централен дел од процесот. Цел на преглед на учесниците беше создавање на разговор со одлучен разговор за политиките насочени кон справување со сиромаштијата и социјалната ексклузија помеѓу луѓето чии животи и/или работа се засегнати од тие политики. Целта на вториот ден од Прегледот на учесниците беше да се разбере зошто (или дали) спроведувањето на политиката било успешно и да се одреди кои лекции можат да се применат при имплементирањето на социјалните политики во иднина. Во текот на вториот ден сите учесници се поделија на помали групи составени од комбинација од grassroots / учесници-членови на групата, претставници на локалната власт, претставници на волонтерскиот сектор и национални или делегирани владини претставници. Секоја помала група имаше олеснувач и записничар со цел точно запишување на дискусиите.

*Завршната средба:* Оваа средба се оддржа шест недели по преглед на учесниците и имаше намера да им овозможи на grassroots / учесници-членови на групата да дадат повратна информацијаза нацрт извештајот од настанот. Ова беше значајна можност да се дознае дали луѓето го вреднуваат искуството и дали имаат некои предлози за промена на форматот. Понатаму, дополнително ја покажа посветеноста на проектот за инволвирање на grassroots / учесници-членови на групата со цел нивните мислења и искуства правилно да се претставаат во клучните наоди од извештајот.

## Што функционираше добро

## Вклучување на сите „учесници“

Разновидноста на учесниците вклучени во проектов беше од огромно значење за неговиот успех. Особено невообичаено, но важно за постигнување на целите на проектот беше учеството и на локалната влада и централните, како и делегираните администрации со луѓето кои живеат во сиромаштија. Ова беше од суштинско значење ако проектот требаше да ги идентификува јазовите помеѓу она што „треба“ да се случува според националните политики чија цел се сиромаштијата и ексклузијата и кои се спроведувањето и исходите од тие политики.

Учеството мора да се одвива во сите аспекти од проектов

Учеството започнува со планирање на проектот. Проектот *Надминување на јазот во политиките* ангажираше луѓе од заедниците во кои работевме уште од раните фази на имплементацијата. Овие претставници на заедницата беа луѓе што живееле во локалната област и имаа длабоко, лично разбирање за проблемите со кои се соочуваа локалните жители. Нивните еднинствени увиди и придонеси беа од непроценливо значење за планирање на проектот и исто така обезбедија одлични контакти со самите заедници. Не само што ова беше важно за регрутирање на други локални претставници од заедниците, но исто така ја потврди посветеноста на проектот за учество на другите луѓе ангажирани во овој проект.

Подготовка пред ангажирање во партиципативно оценување на политиките

Како што претходно опишавме проектот имаше две средби – преглед на учесниците вградени во програмата. Овие средби единствено беа

насочени кон учесниците на заедницата и на нив се гледаше како на вежба за „градење капацитет“ и како на можност за учесниците на заедниците да ги истакнат клучните приоритети за дискусија. Значаен елемент од проектот *Надминување на јазот во политиките* беше да се добијат политики и оценка на спроведувањето на „работите кои функционираа“ и оние кои не функционираа од перспектива на самите целни групи. Дел од овој процес беше луѓето да ја сфатат важноста на нивното лично искуство и како ова може да се искористи за влијание врз владините политики.

## Влијание на национално ниво

Проектот ги постигна целите за ангажирање на grassroots / учесници-членови на групата при оценувањето и донесувањето препораки за политики за идните владини предлози кои се борат против сиромаштија и социјална ексклузија. Повеќето од активистите од заедницата инволвирани во проектот останаа активно ангажирани со мрежата во останатите активности кои ги спроведува. Понатаму, проектот одбра една клучна препорака за следниот владин Национален акционен план за инклузија, т.е. организирање на прегледи на учесниците за клучните политики за борба со сиромаштијата и социјалната ексклузија. Овие прегледи на учесниците се покажаа како добар инструмент за проверка на реалнота и донесоа извор на знаење од луѓето кои живеат во сиромаштија и кои се засегнати со стратегијата NAP. Затоа, оваа вклученост е од суштинско значење уште од самиот почеток!

Питер Кели, Алијанса против сиромаштија – член на ЕАПН Англија



## Уште нешто...

### За другите активности за остварување учество во Обединетото Кралство

Како дополнување на надминувањето на јазот во политиките, проектот *Да нè чујат* беше формиран од страна на Работна група за социална политика/Social Policy Task Force (SPTF) – мрежата за борба против сиромаштијата во Обединетото Кралство – и беше финансирано од Европската Комисија, Одделот за работа и пензии, Оксфам и шкотската црква. Мрежата за борба против сиромаштијата која учествуваше, сите донираа време и ресурси за да успее проектот.

Проектот објави *Да нè чујат, збир од инструменти* и спроведе повеќе од 100 семинари низ Обединетото Кралство да им се овозможи на луѓето со директно искуство во сиромаштијата и социјалната ексклузија да ги разберат и да се вклучат во креирањето социјални политики www.ukcap.org/get-heard/downloads.htm#tkit. Проекттот исто така послужи и како инспирација и поддршка за иницирање на учеството во другите земји.

Проектите кои следеа ширум Обединетото Кралство градеа мостови за социјална инклузија како и надминување на јазот во политиките. За повеќе информации за целокупната работа и нејзината важност за учеството, која ја вршеа четирите членки на ЕАПН Обединето Кралство – EAPN Велшани (Wales), ЕАПН Англија , ЕАПН Северна Ирска и Алијанса против сиромаштијата во Шкотска, посетете ја www.povertyalliance.org

## Мислења и искуства

*„Секаде каде што одам го спомнувам надминувањето на јазот во политиките, бидејќи сметам дека е одличен начин на работа, вклучување на сите почнувајќи од владата, локалните власти, организациите од волонтерскиот сектор, клиентите, а посебно вклучените членови од заедницата. Ова е единствениот начин на работа за да се постигнат најдобри резултати – за луѓето на работни позиции каде нема искуство од работата на терен, прекрасно е добивањето на ова искуство од прва рака. Членовите на заедницата сметаат дека се ценат и дека се вредни нивните мислења. Мислам дека сите политики треба да се пишуваат со нивен input.“ Активист од заедницата, Свонзи*

*„Одлично би било кога оваа политика би се имплементирала во пошироки рамки – сакам да видам повеќе вакви настани, им помага на grassroots/членството да се чувствуваат охрабрени. Активист, Лондонската општина Њуам*

*„Треба да клучиме повеќе клиенти на услуги во настани од овој тип; луѓето со искуство од терен на креаторите на политики им даваат информации за влијанието на нивните политики врз обичните луѓе и работите кои можат да се подобрат.“*

*Работник во заедницата, Глазгов*

ЕВРОПСКА МРЕЖА ЗА БОРБА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА


# ЕВРОПСКА МРЕЖА ЗА БОРБА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈАТА


## Европски средби на луѓето кои живеат во сиромаштија

### Катализатор на учество

Во 2001 год. во текот на претседателствувањето со Европската Унија за време на пролетта, белгиската влада предложи идеја за заедничко

организирање со Европската Комисија на една европска средба на луѓето кои живеат во сиромаштија. Во тоа време ова беше револуционерна идеја, а резултатите од неа ја покажаа потребата да се понуди таков простор за размислување и дијалог во континуитет. Членките на ЕАПН ја посетија оваа прва средба, но ЕАПН стана поактивно ангажирана во оваа возбудлива работа уште од 2003 год., во партнерство со земјите кои претседаваа со ЕУ во текот на пролетта и Европската Комисија.

Седумте средби кои се оддржаа досега развија нова диманика околу учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија. Секоја средба донесе свои предизвици, иновативни идеи и подобрување на методологијата. Ги ангажираше учесниците во процесот евалуација, средбите секоја година напредуваа на неколку начини:

1. воведување на подготвителен процес
2. тестирање и подобрување на работната методологија
3. идентификување теми од најголема важност за луѓето кои живеат во сиромаштија
4. предизвикување на јазикот и воведување елементи на невербална комуникација, и најважно
5. создавање слични национални процеси кои ќе го подобрат учеството на луѓето што живеат во сиромаштија.

## Воведување на подготвителниот процес

Иако партиципативната подготовка не беше дел од првите средби, сега национален координатор работи со секоја делегација да им помогне на луѓето кои живеат во сиромаштија да се подготват пред европските средби. Националните делегации се среќаваат, разговараат за прашања поврзани со темите од секоја средба и

понекогаш изготвуваат заеднички или посебен input* од европските средби. Овој подготвителен процес им овозможува на повеќе луѓе кои живеат во сиромаштија да бидат вклучени во европските средби – иако можеби и да не патуваат за да се сретнат со лицата од други земји, тие имаат можност да дадат свој придонес во националните подготвителни средби.

Понатаму, за многу учесници, вклучувањето во европските средби претставува одлично искуство, а на некои им е потребна поддршкада ги разберат сите нови информации и да се справат со директното влијание врз животите кои ги имаат дома.

## Тестирање и подобрување на работната методологија

Возможно ли е да се направи успешна средба, на која повеќе од 250 луѓе зборуваат на повеќе од 20 јазици? Изминативе години покажаа дека е можно, но со многу енергија која ќе се вложи во развојот на една иклузивна и партиципативна работна методологија и внимателно планирање на работилници, сите заедно и дијалог меѓу луѓето кои живеат во сиромаштија и властите. Секоја година донесе нов елемент во оваа методологија, заснован на внимателна проценка на резултатите и како се чувствуваа луѓето кои живеат во сиромаштија на средбите.

## Идентификување теми од најголема важност за луѓето кои живеат во сиромаштија

Не може да се очекува да постои академски пристап кон сиромаштијата и социјалната ексклузија кога се повикани да учествуваат лицата погодени од нив што немаат основни потреби. Во текот на седумте години, средбите истражуваа теми кои се важни на дневно ниво за луѓето кои живеат во сиромаштија.

„Би сакал да ја истакнам важноста на годинешнава тема „*сликата на сиромаштијата“*. Борбата со сиромаштијата е многу тешка и промовирањето на вклученост на сите актери кога поголем дел од европското општество и понатаму има негативна слика за сиромаштијата и сиромашните. Многу е тешко луѓето кои живеат во сиромаштија да се натераат да поверуваат дека може да им се смени положбата, кога постојано се приморани да се чувствуваат за виновни: нивна вина е што се сиромашни и само тие треба да се обвинат за состојбата во која се наоѓаат.“

Бруно ГОНКАЛВЕЗ, 2005

Седумте средби досега оддржани беа на следниве теми:

1. Домување, здравство, обука и приходи, 2001 год.
2. Добри пракси на учество, 2003 год.
3. Учеството е двонасочна улица, 2004 год.
4. Слики и перцепции за сиромаштијата, 2005 год.
5. Како да се справиме со секојдневниот живот?, 2006 год.
6. Зајакнување на напредокот, подготовка на следните чекори, 2007 год.
7. Седумте столба во борбата против сиромаштијата: социјални услуги, услуги од општ интерес, домување и минимален приход, 2008 год.

Беше потребно време за луѓето кои живеат во сиромаштија да преземат контрола/ownership врз целокупниот процес околу европските средби поддржани од националните координатори. Директното учество во потготвителниот процес дојде постепено, учејќи од средба на средба и зајакнување на потребата од простор за луѓето кои живеат во сиромаштија во кој би разговарале за својата реалност, но исто така треба да им биде дадена можност за дијалог со креаторите на политики за ефикасноста на политиките за борба против сиромаштијата и можностите за нивно подобрување.

## Предизвик на јазикот и воведување невербални елементи на комуникација

Толкувањето на сите јазици на учесниците не е доволно да се ослесни учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија на средбите. Средбите бараат помалку техничка, а посекојдневна употреба на јазикот, но не ја потценуваат потребата да се поттикнат луѓето кои живеат во сиромаштија преку употребата на јазикот. Или како што еден учесник од Холандија ќе рече:

*„Навистина ми треба да комуницирам со едноставни термини и да не го користам тој жаргон, но ако не го знам речникот што го користат донесувачите на одлуки и политичарите, нема да можам да зборувам во свое име. Затоа претпочитам да ги знам и двата начина на комуникација и да можам сам да одлучувам да го користам кој начин и во која ситуација.“*

Потоа, значајно подобрување дојде со воведувањето на невербални елементи на комуникација на европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија. Им даде шанса на изразувањето на креативноста и чувствата на националните делегации. Од тродимензионално претставување на сиромаштијата до мултимедијална изложба на турнеја, визуелната комуникација дојде до донесувачите на политики не со статистики, туку со дневна реалност преку претставените слики.

Мобилната мултимедијална изложба развиена од учесниците на 4тата Европска средба на луѓето кои живеат во сиромаштија насловена како *„Дали го гледате истото што и јас?“* патуваше низ неколку земји-членки на ЕУ, зголемувајќи ја свеста за разните лица и реалности на сиромаштијата во Европа и битките со кои се борат секојдневно луѓето кои живеат во сиромаштија: Видеа од последните средби исто така беа прикажани на форумите на кои присуствуваа донесувачите на одлуки и активистите за борба против сиромаштијата.

## Создавање национални процеси кои го подобруваат учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија

Третата европска средба постави значајни прашања за учеството на национално ниво. Членовите од националната мрежа на ЕАПН им ги поставија прашањата на владите и со текот на времето се заложија за успешно организирање на слични средби на луѓето кои живеат во сиромаштија на национално (понекогаш и регионално и локално ниво) во некои земји-членки на ЕУ. Во одредени земји некои процеси

станаа процеси на свој начин со посветеност на креаторите на политики одлучно да влијаат врз сиромаштијата. Другите земји сè уште немаат воспоставено вакви системи, но националните мрежи на ЕАПН и понатаму лобираат за вклученост на луѓето кои живеат во сиромаштија во развивањето политики, имплементација и оценување.

Европските средби не се наменети да ја заменат работата на многуте организации и мрежи кои работат за интересите на луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија. Имаат за цел да го препознаат гласот на луѓето кои живеат во сиромаштија на европско ниво, како и нивната ангажираност со организациите кои работат на подобрување на нивните животи како и зајакнување на каузата за социјално праведна Европа. Најважно, овие средби се можност да се провери како влијаат политиките за намалување на сиромаштијата и ексклузијата на секојдневниот живот на луѓето во сиромаштија.

Очигледно седумте средби имаа и авантуристички и образовен карактер. Луѓето кои живеат во сиромаштија ги предизвикаа креаторите на политики за нивнотро познавање на сиромаштијата во реалноста како и влијанието на политиките кои ги креираат. Ги предизвикаа активистите и НВО кои говорат во нивно име да создадат простор за реално учество во нивните дебати. Конечно, го предизвикаа начинот на кој Европската Унија ја гледа сиромаштијата на сопствен фронт и на свој терен на сите нивоа. Средбите продолжуваат и секоја од нив ќе донесе лекции за овозможување на учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија реалност секаде!

Тања Басараб, ЕАПН

## Уште нешто...

**За националното влијание на европските средби на луѓето кои живеат во сиромаштија**

Изборот на теми не е само суштествен за луѓето кои живеат во сиромаштија кои учествуваат во средбите, но и за НВО кои се активни во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија. Така станува збор дека после средбата, многу национални мрежи ги предизвикаа своите влади при недостаток од национални форуми за луѓето кои живеат во сиромаштија да ги изразат своите грижи, потреби и мислења. Во последниве години тоа доведе до развивање слични средби на национално и регионално ниво во Австрија, Луксембург, Обединетото Кралство, Ирска, Шпанија, Италија, Германија, Португалија и Република Чешка и дури на прекугранично ниво помеѓу Белгија и Франција.

Владите и НВО научија за дополнителната вредност за ангажирање на луѓето кои живеат во сиромаштија во креирањето политики и донесувањето одлуки и ги претворија овие средби во редовни национални, а во некои земји дури и во регионални процеси.

Прекуграничните средби се организираат на годишно ниво меѓу мрежите на ЕАПН на Белгија и Франција со употреба на методологијата на европските средби. Овие служат да се спореди состојбата на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија во двете земји и размена на добри пракси во социјалната политика.

Подетаљни информации засекоја од дискусиите и заклучоците на европските средби можат да се најдат на www.eapn.eu/content/view/600/14lang,en

**Учеството е можно!**

## Учеството е можно!

## Завршни забелешки и препораки

Во сржта на ЕАПН лежи силната заложба да се негува учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија и социјална ексклузија. Како што покажуваат искуствата од националните мрежи на ЕАПН собрани во ова издание, учеството е принцип, метод на работа и цел во многу организации низ Европа. Покрај тоа, вистинското реализирање насекаде во Европа е значајна долгорочна цел за сите актери вклучени во социјалната политика.

Студиите на случаи претставени овде идентификуваат елементи што го одредуваат успешното учество. Овие вклучуваат услови што мора да се почитуваат во поглед на поединците кои живеат во сиромаштија кои одлучуваат да се инволвираат, со организациите за развивање на такви механизми на внатрешен план и за донесувачите на одлуки кои мора да им дадат можност на корисниците на политики да размислат за својот придонес.[5]

[5] Пречките и условите за учество се предмет на поглавјето во изданието на *ЕАПН ЕУ каква што сакаме* и Извештајот за 3тата Европска средба за луѓето кои живеат во сиромаштија. И двете можат да се најдат на страната на ЕАПН: www.eapn.eu

Учеството нема фиксна формула или метод. Потребни се најразновидни форми, во зависност од нивото и околностите во кои се одвива, со што станува попредизвикувачки. Сепак, како што покажуваат и студиите на случаи, учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија е процес на учење за поединците, организациите и креаторите на политики кои се ангажираат и најважно е да се преземат првите чекори.

Без разлика на околностите, искуствата од националните мрежи на ЕАПН потенцираат дека времето, политичката посветеност и финансиските ресурси се клучот за учество.

Поддржувањето да се ангажираат индивидуалци во самозастапување или организациите кои се борат против сиромаштијата помага да се изградат самодоверба, вештини и им дава нови можности на лицата кои живет во сиромаштија и ексклузија да ги надминат тешките животни услови со кои се соочени, да се бараат нови начини на мотивација за нивната битка, да се вработат и да учествуваат во општеството.

Учеството ги трансформира организациите во изразување на потребите и грижите на граѓаните. Тие не се само платформи за лобирање, туку за форуми каде се среќаваат луѓето за да научат нешто еден од друг и ги здружуваат своите искуства и идеи за решавање на заедничките проблеми. Затоа, од суштествено значење е организациите за борба против сиромаштијата да им отстапат простор и да им дадат можност да се искажат на луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија, што доведува до еден посовесен и поодлучен став во борбата против сиромаштијата и ексклузијата. Со ова организациите добиваат легитимност и кредибилитет пред нивните изборни единици и партнери.

*Учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија при креирањето политики* ги збогатува политиките и гради контрола меѓу корисниците. Јасно е дека политиките креирани без активен инпут од оние на кои се наменети теоретски ќе си останат добри, но не и во пракса. Ангажирањето на луѓето кои живеат во сиромаштија од фазите на изведување на политиките им помага на root policies/основните политики во сегашноста  и го подобрува водството на сите нивоа. Заедничкото креирање на политиките ќе обезбеди европските политики да им одговорат на потребите на луѓето кои живеат во сиромаштија во своите заедници и населби. Учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија во мониторингот на политиките и оценувањето ќе обезбеди политиките и понатаму да бидат релевантни на целите на кои им служат. Треба да се признае дека ефикасните политики за справување со сиромаштијата се добри за целокупното општество. Активните политики сами не можат ефикасно да се справат со сиромаштијата и на овој начин учеството на луѓето кои живеат во сиромаштија треба да се негува низ сите релевантни политики.

Додека искуствата собрани овде ги поддржуваат овие бенефиции, исто така ги покажуваат и битките и фрустрациите кои се појавуваат при реализирањето на учеството. Важно е да се разгледа влијанието на учеството врз животите на лицата кои се инволвирани. Луѓето кои живеат во сиромаштија често се борат на дневно ниво, толку се навикнати да се справуваат со пречките и негативните околности, што им е тешко да се справат со позитивните искуства. Исто така, кога донесувачите на одлуки не се подготвени да слушаат и да се вклучат во вистински дијалог, туку да посетуваат средби само за да ги штиклираат соодветните квадратчиња, учеството може да стане товар за луѓето кои живеат во сиромаштија.

Примерите во книгава покажуваат  дека постојат решенија на проблемот и дека – спротивно на предрасудите – луѓето кои живеат во сиромаштија сакаат да бидат инволвирани, и дека крајно бенефициите од учеството на сите нивоа ги надминува трошоците. Затоа фокусот не треба да падне врз обвинување на „сиромашните" за својот имот, а повеќе за разбирање на вистинските причини и заедничко справување со нив.

Во следните години, ЕАПН ќе ги зајакне напорите за собирање партиципативни пракси и политики и ќе продолжи со застапување  за целосна интеграција и учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија во европските општества. Наше цврсто убедување е дека учеството им ПОМАГА на луѓето да се избават од сиромаштијата и е ПРЕДИЗВИК за системите кои го создаваат, ќе продолжиме и да ги мобилизираме потребните ресурси и јавната поддршка да ослободувањето на Европа од сиромаштија да стане реалност.

Тања Басараб, ЕАПН

**Од сите наши искуства за нас, ЕАПН, учеството подразбира:**

**1. Почит за лицата и надминување на стереотипите**

**2. Градење доверба и кршење на предрасудите**

**3. Развивање начини за избавување од сиромаштијата**

**4. Споделување и солидарност**

**5. Активно граѓанство**

**6. Инклузивни, разновидни и силни организации**

**7. Трансформација, легитимност и контрола**

**8. Време и финансиски ресурси**

**9. Предизвикување на системите**

**10. Збогатени политики со позитивно влијание**

**11. Политичка посветеност за искоренување на сиромаштијата**

**12. разбирање на вистинските причини за сиромаштија**

## УЧЕСТВОТО Е МОЖНО!

Европска мрежа за борба против сиромаштијата (EAPN)
Square de Meeus 18
1050 Brussels, Belgium

**телефон:** +32 2 226 58 50
**факс:** +32 2 226 58 69
**е-меил**: team@eapn.eu
**интернет страна:** www.eapn.eu

**ISBN: 978-2-930252-51-3**

Европска мрежа за борба против сиромаштијата. Дозволено печатење, под услов да се наведат изворот на текстот. **Јануари 2009 год.**

Оваа брошура е поддржана од страна на Генералниот Директорат за вработување, социјална работа и еднакви можности при Европската Комисија. Финансирањето е обезбедено од Програмата за вработување и социјална солидарност ПРОГРЕС на Европската Унија (2007-2013).

За повеќе информации: http://ec.europa.eu/employment_social/progress/index_en.

Информациите во ова издание не значи дека ги одразува позицијата или мислењата на Европскта Комисија.

Ова издание ќе ја истакне широкиот спектар на пристапи меѓу членките на ЕАПН за учество на луѓето кои живеат во сиромаштија и ексклузија во работата во заедницата, во нашите организации и во креирањето политики и донесувањето одлуки. 20 годишното искуство на членките на ЕАПН се рашири во повеќе земји и се зголеми низ проекти, структури и размена.  Ова издание бара да станат повидливи овие искуства за градење учество.

При опишување на студиите на случаи, секоја од Националните мрежи се обиде да размисли на следниве прашања:

Која е нашата дефиниција или разбирање на поимот учество? Во кој контекст се појави искуството? Кои се успесите? Кои беа предизвиците и какво беше влијанието врз Националните мрежи?

Уште од 1990 год. Европската мрежа за борба против сиромаштијата (ЕАПН) е независна мрежа од невладини организации (НВО) и групите инволвирани во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија  во земјите-членки на Европската Унија. Заедно, членството на ЕАПН има за цел борбата против сиромаштијата да ја стави како приоритет на агендата на ЕУ и да обезбеди соработка на ниво на ЕУ со цел искоренување на сиромаштијата и социјалната ексклузија.

За повеќе информации посетете ја: www.eapn.org